# Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ

краток документ

јануари-март 2023

Институт за европска политика. Скопје

Овој проект е финансиран од Европската унија

# Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ

Краток квартален преглед јануари-март 2023

Издавач:
Институт за европска политика - Скопје

За издавачот:
д-р Симонида Кацарска

Уреднички:
д-р Симонида Кацарска
д-р Ардита Абази Имери

Автори:
Ангела Делевска
Ангел Мојсовски
Беба Жагар
Наум Локоски

Превод од англиски на македонски јазик:
Наташа Колеќевска Георгиевска

Лектор:
Дејан Василевски

Графички дизајн:
Релатив

Скопје, 2023

Овој извештај е подготвен во рамки на проектот „Градиме мостови за заедничка иднина: Владеењето на правото во насока на пристапувањето во ЕУ“, финансиран од Европската Унија. Содржината на овој краток документ за политики е единствена одговорност на авторите и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.





Овој краток документ дава преглед на клучните случувања поврзани со владеењето на правото во Северна Македонија во поглед на пристапувањето во ЕУ за периодот од јануари до март 2023 година. Тој вклучува следење на **суштинските аспекти на пристапувањето во ЕУ, вклучувајќи ги и клучните случувања во областа на функционирањето на демократските институции, реформата на јавната администрација и Поглавјето 23: судството и темелните права.**

## Клучни случувања

- Собранието го ратификуваше договорот за ФРОНТЕКС, кој ќе стапи на сила на први април 2023 година;
- На почетокот на годината имаше реконструкција на Владата. На крајот од февруари и почетокот од март, Алијансата на Албанците му се приклучи на владејачкото мнозинство. Собранието избра четири нови министри и нивни заменици;
- Во последниот Извештај за слободата во светот од 2023 година, Република Северна Македонија има 68 бода и е рангирана како делумно слободна земја, слично како и минатата година, кога имаше вкупно 67 бода;
- Потпишувањето на договорот за изградба на коридорите 8 и 10 со „Бехтел и Енка" предизвика голема загриженост кај јавноста и експертската заедница. Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал формираше предмет за компаниите што се избрани за надзор на проектот;
- Во врска со уставните измени што се потребни за отворање на првиот кластер од преговорите за пристап во ЕУ, Владата формираше работна група во Министерството за правда за изготвување на уставните измени. Главната опозициска партија, ВМРО-ДПМНЕ одби да учествува во оваа група;
- Владата претстави предлог за модели за вклучување на граѓански организации во преговорите за пристапување во Европската унија;
- На почетокот на годината почна задолжителната примена на системот за управување со предмети во јавните обвинителства;
- Судскиот совет утврди дека тимовите што работеле на предметите „Таргет-Тврдина" и „Трезор" од Апелациониот суд Скопје направиле пропусти и неоправдано ги одолжувале предметите, со што ги прекршиле законски предвидените рокови. Испитувањето дали има основи за утврдување отчетност за судиите ќе продолжи. Во исто време, Апелациониот суд Скопје го потврди ослободувањето на истиот обвинет во предметот „Тортура" и ја замени затворската казна за „Плацови на Водно" со условна казна. Дополнително, со одложувањето на рочиштето на 30 март заради отсуство на голем дел од странките, предметот „Титаник 2" застари;
- Конечно, Судскиот совет почна со примена на новите критериуми за избор на судии во повисоките судови и избор на претседатели на судовите по вонредната евалуација на кандидатите за судии и претседатели на судовите;
- Со утврдувањето на двојството во уредувањето на основицата на платата на избраните и именуваните лица, Уставниот суд ги укина членовите кои досега одредуваа одреден фиксен износ како основица за утврдување на платите на функционерите. Остана на сила членот според кој основицата се определува според просечната плата остварена во претходната година, што ја утврдува Државниот завод за статистика, така што се множи со утврдениот коефициент и се зголемува за процентот за работното искуство од 2,2 до 4,5 проценти. Со ова се овозможува да се зголемат платите на државните функционери за дури 78 проценти;
- Северна Македонија беше рангирана на 85-то место во светот со 40 индексни поени на последниот Индекс на перцепција на корупцијата на Транспаренси интернешнел;
- Долгоочекуваните измени и дополнувања на Кривичниот законик беа донесени во февруари;
- На 118-та седница, Владата на Република Северна Македонија го разгледа и го донесе Акцискиот план за реализација и спроведување на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација за 2022-2026;
- Во јануари, министерката за труд и социјална политика, министерот за здравство и министерот за образование и наука го потпишаа Правилникот за функционална проценка на деца и млади со попреченост;
- По реакциите на земјоделските организации и други НВО што ги поддржаа за системскиот проблем заради немањето на платено породилно отсуство за жените кои работат во земјоделскиот сектор, Владата донесе програма за обезбедување на социјална безбедност за жените кои се занимаваат со земјоделска дејност.



# Список на кратенки

| | |
|---|---|
| ААВМУ | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| АЗЛП | Агенција за заштита на лични податоци |
| АНБ | Агенција за национална безбедност |
| АСЈО | Академија на судии и јавни обвинители |
| ВМРО-ДПМНЕ | Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство |
| ГО | Граѓанска организација |
| ДЗР | Државен завод за ревизија |
| ДИК | Државна изборна комисија |
| ДКСК | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| ЕКЧП | Европска конвенција за човекови права |
| ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| ЕПИ | Институт за европски политики |
| ЕУ | Европска унија |
| ЗНМ | Здружение на новинари на Македонија |
| КСЗД | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| ЛГБТИ | Лезбиски, геј, бисексуални, транс и интерсексуални лица |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| МНР | Министерство за надворешни работи |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МП | Министерство за правда |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| НВО | Невладина организација |
| НДИ | Национален демократски институт |
| ОБСЕ | ОБСЕ – Организација за безбедност и соработка во Европа |
| ОДИХР | Канцеларија за демократски институции и човекови права |
| ОЕЦД | Организација за економска соработка и развој |
| ОЈО | Основно јавно обвинителство |
| ОЈО ГОКК | Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција |
| ПЕП | Пратеник во Европскиот парламент |
| РЈА | Реформа во јавната администрација |
| СЕММ | Совет за етика во медиумите во Македонија |
| СИГМА | Поддршка за подобрување во владеењето и управувањето |
| СЈО | Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите (Специјално јавно обвинителство) |
| ССНМ | Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници |
| ТАИЕКС | Инструмент на Европската комисија за техничка помош и размена на информации |
| ФРОНТЕКС | Европска агенција за гранична соработка и крајбрежна стража |



# Содржина


**Функционирање на демократските институции** ........ **6**

Избори ........ 7

Собрание ........ 7

Владеење ........ 8

Граѓански сектор ........ 11

Цивилен надзор врз безбедносниот/разузнавачкиот сектор ........ 12

Реформа на јавната администрација ........ 12

**Поглавје 23** ........ **13**

Функционирање на судството ........ 14

Стратешки документи ........ 14

Управни тела ........ 14

Независност и непристрасност ........ 15

Отчетност ........ 15

Професионализам и надлежност ........ 17

Квалитет на правдата ........ 19

Ефикасност ........ 20

Борба против корупцијата ........ 22

Државна комисија за спречување на корупцијата ........ 22

Јавно обвинителство ........ 23

Правна рамка ........ 24

Основни права ........ 25

Судска практика на Европскиот суд за човекови права ........ 25

Народен правобранител ........ 25

Затворски и притворски установи ........ 26

Заштита на личните податоци ........ 28

Слобода на изразување ........ 28

Напади врз новинари ........ 29

Ранливи групи и начелото на недискриминација ........ 31

Род ........ 32

ЛГБТИ+ ........ 34

# Функционирање на демократските институции



# Избори

Државната изборна комисија (ДИК) почна постапка за формирање центар за обуки за избори, кој треба да почне да функционира до пролетта 2024 година. Идејата за овој центар произлезе по спроведувањето на физибилити студија за воспоставување на таков центар за обука, за време на која беше дискутирано со претставниците на неколку засегнати страни во изборите, интерни изборни органи, ДИК, општинските изборни комисии, избирачките одбори, овластените обучувачи на ДИК и надворешните претставници од политичките партии, граѓанските организации и медиумите.[1]

Целта на овој центар, покрај обезбедувањето обука, ќе биде и да се спроведе истражување за потребите на јавноста, што ќе вклучи компаративен преглед на различни аспекти на изборниот процес, како што се моделите за гласање во странство и употребата на избирачка технологија.[2]

На средината на март, Министерството за правда, заедно со НДИ Северна Македонија, организираше конференција на која се дискутираше за изборните реформи, вклучително и за препораките на Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР), заедно со претставниците од 15 политички партии, државните институции, академската заедница, граѓанското општество и меѓународните организации.[3]

# Собрание

На почетокот на годината, Националниот совет за евроинтеграции одржа сесија на која амбасадорката на кралството Шведска ги презентираше програмата и приоритетите на шведското претседавање со Советот на Европската унија за периодот јануари-јуни 2023 година. Предизвиците што ѝ претстојат на земјата во однос на европската интеграција, динамиката на реформите, владеењето на правото, организираниот криминал и корупција, безбедноста на Унијата за време на актуелната руска агресија врз Украина, заедничката безбедносна и надворешна политика, справувањето со високата инфлација и цената на струјата што директно влијае на граѓаните и компаниите беа предмет на дискусија за време на сесијата.[4]

Во февруари, Собранието го ратификуваше договорот за ФРОНТЕКС.[5] Договорот со Република Северна Македонија беше потпишан на 26 октомври 2022 година и ќе стапи на сила на први април 2023 година.[6]

1 „Гугучевска за МИА: ДИК работи на формирање центар за обуки за избори, што треба да почне да функционира до пролетта 2024“, МИА, 21 јануари 2023, https://bit.ly/3MbFMCh.

2 Исто.

3 „Лога: Ги повикувам сите политички партии, со консензус да донесеме нов Изборен законик“, официјална интернет-страница на Министерството за правда, 14 март 2023, https://pravda.gov.mk/vest/6488.

4 „Седница на НСЕИ: Презентирани приоритетите на шведското претседателство со ЕУ“, официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 9 јануари 2023, https://www.sobranie.mk/ns-newsarticle-sednica-na-nsei-prezentirani-prioritetite-na-svedskoto-pretsedatelstvo-so-eu.nspx.

5 „Донесени дополнувања на Кривичниот законик и ратификуван Договорот за ФРОНТЕКС“, официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 13 февруари 2023, https://www.sobranie.mk/ns-newsarticle-doneseni-dopolnuvana-na-krivicniot-zakonik-i-ratifikuvan-dogovorot-za-fronteksj.nspx.

6 „Управување со границата: ЕУ склучува договор со Северна Македонија за соработка со Фронтекс“ („Border Management: EU Concludes Agreement with North Macedonia on Frontex Cooperation“), официјална интернет-страница на Советот на ЕУ и Европскиот совет, 24 февруари 2023, https://www.consilium.europa.eu/en/press/press-releases/2023/02/24/border-management-eu-concludes-agreement-with-north-macedonia-on-frontex-cooperation/#:~:text=As%20of%201st%20April%2C%20Frontex,at%20the%20EU's%20external%20borders.

# Владеење

Во февруари, претседателот на Владата предложи реконструкција на Владата.[7] Иако според премиерот првично не беше планирана реконструкција,[8] во првите месеци од годината, по политичките премрежиња во владата, на почетокот на февруари премиерот во Собранието поднесе предлог за реконструкција на Владата.[9] Како резултат на превирањата, еден од помалите коалициски партнери[10] ја напушти владата и тие веднаш беа заменети од друг.[11] Премиерот изјави дека Алтернатива, која беше во Владата до февруари, имала избор да остане во владејачкото мнозинство,[12] меѓутоа тие изјавија дека владејачката коалиција не ги исполнила обврските и решиле да ја напуштат Владата.[13] Новата партија која му се приклучи на владејачкото мнозинство, Алијансата на Албанците, изјави дека тие влегле во Владата за да ѝ помогнат на земјата да се стабилизира политичката сцена и да се зголеми ефикасноста на Собранието и институциите на патот кон ЕУ.[14] На крајот од февруари, Собранието избра четворица нови министри,[15] а на почетокот од март и нивни заменици.[16]

Политичките превирања во рамките на Владата произлегоа од политичките случувања во партијата ДУИ. Фракцијата на партијата, позната како „Огнена група", изрази незадоволство од министрите од партијата и бараше промени. Тие конкретно се спротивставија на актуелниот прв потпретседател на Владата, за кој сметаа дека има преголема контрола врз процесот на одлучување во партијата.[17] Во март групата официјално објави дека ќе дејствуваат како посебна фракција во рамките на партијата,[18] бидејќи чувствувале дека немаат влијание врз одлучувањето во партијата и дека верувале оти одлуките се носени исклучиво од актуелните министри.

7 „Предлогот за реконструкција на Владата доставен во Собранието", Радио Слободна Европа, 11 февруари 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32266593.html.

8 „Нема реконструкција на Владата, парламентарни избори во 2024, вели Ковачевски", Канал 5, 21 декември 2022, https://kanal5.com.mk/nema-rekonstrukcija-na-vladata-parlamentarni-izbori-vo-2024-veli-kovachevski/a561088.

9 „Премиерот Ковачевски го достави до Собранието предлогот за реконструкција на Владата", 11 февруари 2023, https://kanal5.com.mk/premierot-kovachevski-go-dostavi-do-sobranieto-predlogot-za-rekonstrukcija-na-vladata/a568056.

10 „Алтернатива ја напушта владината коалиција", Радио Слободна Европа, 11 февруари 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32267791.html.

11 „Алијанса за Албанците одлучи – влегува во Влада", Радио Слободна Европа, 9 февруари 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32264280.html.

12 „Ковачевски вели дека за Алтернатива, која е во Владата, вратата е отворена", Mkd.mk, 9 февруари 2023, https://www.mkd.mk/node/507380.

13 „Алтернатива ја напушта владината коалиција", Радио Слободна Европа, 11 февруари 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32267791.html.

14 „Алијанса влегува во Владата", Глас на Америка, 9 февруари 2023, https://mk.voanews.com/a/6956328.html.

15 „Собранието избра нови министри во четири ресори на Владата", официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 27 февруари 2023, https://www.sobranie.mk/ns-newsarticle-sobranieto-izbra-novi-ministri-vo-cetiri-resori-na-vladata.nspx.

16 „Избрани нови заменик-министри во пет владини ресори", официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 3 март 2023, https://www.sobranie.mk/ns-newsarticle-sobranieto-izbra-novi-ministri-vo-cetiri-resori-na-vladata.nspx.

17 „Прес на 'Огнената група': Меџити рече дека со Груби повеќе не може да се работи", Фактор, 27 декември 2022, https://faktor.mk/pres-na-ognenata-grupa-medziti-reche-deka-so-grubi-povekje-ne-moze-da-se-raboti.

18 „'Огнените' одат како фракција, Ахмети им порача дека во ДУИ фракции не постојат", Глас на Америка, 1 април 2023, https://mk.voanews.com/a/ognenite-odat-kako-frakci%D1%98a-ahmeti-im-poracha-deka-vo-dui-frakcii-ne-posto%D1%98at-/7032132.html.

Во последниот Извештај за слободата во светот од 2023 година, Република Северна Македонија има 68 бода и е рангирана како делумно слободна земја. Резултатот е сличен како минатата година, кога имаше вкупно 67 бода.[19] Во однос на демократскиот статус, Северна Македонија е рангирана во групата држави во транзиција, нешто што исто така е отсликано во нашето рангирање од страна на „Фридом хаус" уште од 2017 година, кога државата достигна ниво од 57 бода и постојано напредува, но бавно, со по еден поен годишно.[20]

Еден од најважните настани што се случија во овој период што е опфатен со извештајот, а предизвика многубројни реакции во јавноста, беше потпишувањето договор за изградба на коридорите 8 и 10 со „Бехтел и Енка".[21] Конзорциумот ќе гради автопатишта во земјата во следните пет години, согласно договор вреден повеќе од 1,3 милијарди евра. Меѓутоа, сè уште има неодговорени прашања во врска со проектот. Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција оформи предмет за компаниите што се избрани за надзор на проектот.[22] Според извештаите од медиумите, вртоглави суми се предвидени како месечни еднократни надоместоци за надзор. Медиумите исто така дознаа дека во јавно достапните документи нема докази за 23 од 81 експерт – кои се ангажирани од компаниите што го добија тендерот или од подизведувачите. Една од компаниите има наведено дека има 32 вработени на неопределено време, од кои 27 се инженери вработени на неопределено време, што е спротивно од она што е наведено во годишната сметка на компанијата поднесена во Централниот регистар, каде што е наведено дека во 2022 година, во просек, имала само двајца вработени.[23] За друга компанија, првично на 24 ноември 2020 година, Владата одлучила да им забрани на сите државни институции и општини да склучуваат тендери во вредност повисока од еден милион евра заради нелегално, неетичко и неодговорно однесување при вршењето надзор на работата на железничката пруга Куманово-Бељаковце. Меѓутоа, според извештаите во медиумите, одлуката е поништена на деветти февруари 2021 година.[24]

Во врска со уставните измени што се потребни за отворање на првиот кластер од преговорите за пристап во ЕУ, Владата формираше работна група во Министерството за правда за изготвување на уставните измени.[25] Меѓутоа, главната опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ одби да учествува во оваа група, тврдејќи дека процесот е незаконски и дека тие нема да му дадат поддршка на процесот.[26]

---

19 „Слободата во светот 2023: Северна Македонија" („FREEDOM IN THE WORLD 2023: North Macedonia"), официјална интернет-страница на „Фридом хаус", https://freedomhouse.org/country/north-macedonia/freedom-world/2023.

20 „'Фридом хаус' ја рангираше Македонија како 'делумно слободна' држава", nezavisen.mk, 9 март 2023, https://nezavisen.mk/fridom-haus-ja-rangirashe-makedonija-kako-delumno-slobodna-drzhava/.

21 „(ВИДЕО) Потпишан договорот со 'Бехтел и Енка' за коридорите 8 и 10-д: За Владата ова е историски проект", 360 степени, 8 март 2023, https://360stepeni.mk/video-potpishan-dogovorot-so-behtel-i-enka-za-koridorite-8-i-10-d-za-vladata-ova-e-istoriski-proekt/.

22 „Обвинителството на Ислам Абази отвори предмет за надзорот на 'Бехтел и Енка'", 360 степени, 28 март 2023, https://360stepeni.mk/obvinitelstvoto-na-islam-abazi-otvori-predmet-za-nadzorot-na-behtel-i-enka/.

23 Исто.

24 „Компании поврзани со лице со криминално досие ќе вршат надзор на 'Бехтел и Енка'", Алсат М, 3 март 2023, https://alsat.mk/mk/kompanii-povrzani-so-litse-so-krinminalno-dosie-ke-vrshat-nadzor-na-behtel-i-enka/.

25 „Маричиќ: Ќе се формира експертска група за уставните измени", A1 On, 16 март 2023, https://a1on.mk/macedonia/marichikj-kje-se-formira-ekspertska-grupa-za-ustavnite-izmeni/.

26 „ВМРО-ДПМНЕ одбива да назначи експерти во групата за уставни измени", 360 степени, 21 март 2023, https://360stepeni.mk/vmro-dpmne-odbiva-da-naznachi-eksperti-vo-grupata-za-ustavni-izmeni/.

Во јануари се влошија односите меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија. За време на комеморацијата за една револуционерка, бугарски европратеник среде Скопје го негираше постоењето на македонскиот народ.[27] Тој изјави дека Македонците и Бугарите се ист народ кој живее во две држави и тврдеше дека „српските“ политичари продолжиле со политика на „геноцид“ врз Бугарите.[28] Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија ги осуди ваквите изјави.[29] Во исто време, претседателот на државата побара овој европратеник да биде прогласен за персона нон грата.[30]

Односите меѓу двете земји се влошија повторно по инцидент во Охрид, кога секретарот на бугарскиот клуб во Охрид беше повреден во тепачка во кафеана.[31] По инцидентот, Бугарија побара подобра заштита за Бугарите во Северна Македонија и испрати воен авион за да го земат повредениот на лекување во Бугарија.[32]

Овие два настана ги потпалија дискусиите на социјалните мрежи и креираа тензија во предвечерјето на одбележувањето на денот на раѓањето на македонски револуционер во февруари.[33] На денот на раѓањето на револуционерот, четврти февруари, имаше големо полициско присуство во околината на местото, каде што е неговиот гроб. На границата меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија системот за гранична контрола падна,[34] поради што имаше застој и малку Бугари успеаја да ја преминат границата и да дојдат во Скопје. Тројца бугарски државјани беа приведени на граничниот премин по турканица со полициски службеници.[35]

27 „Џамбаски од центарот на Скопје: Да живее бугарска Македонија!“, Фокус, 14 јануари 2023, https://fokus.mk/dhambaski-od-tsentarot-na-skopje-da-zhivee-bugarska-makedonija/.

28 „(ВИДЕО) Џамбаски од Скопје: Србоманските политичари да ги оставаат македонските Бугари“, А1 Оn, 14 јануари 2023, https://a1on.mk/macedonia/video-dzhambaski-od-skopje-srbomanskite-politichari-da-gi-ostavat-makedonskite-bugari/.

29 „МНР со остра реакција на изјавата на Џамбаски“, Телма телевизија, 25 јануари 2023, https://telma.com.mk/2023/01/25/mnr-so-ostra-reakcija-na-izjavata-na-dzhambaski/.

30 „(Видео) Шефот на државата предлага Џамбаски заедно со други Бугари да бидат прогласени за персона нон грата“, Макфакс, 23 јануари 2023, https://bit.ly/3NDzQmd.

31 „Претепан секретарот на бугарскиот клуб ’Цар Борис Трети‘ во Охрид“, Макфакс, 20 јануари 2023, https://bit.ly/3AZFozW.

32 „Со бугарски владин авион Пендиков пренесен на лекување во Софија“, Канал 5, 20 јануари 2023, https://kanal5.com.mk/so-bugarski-vladin-avion-pendikov-prenesen-na-lekuvanje-vo-sofija/a564879.

33 „Одбележување на роденденот на Гоце Делчев во тензии“, Дојче веле, 4 февруари 2023, https://www.dw.com/mk/odbelezuvane-na-rodendenot-na-goce-delcev-po-strogi-protokoli-i-vo-tenzii/a-64611103.

34 „Падна системот за контрола на граничните премини“, Телма телевизија, 4 февруари 2023, https://telma.com.mk/2023/02/04/padna-sistemot-za-kontrola-na-granichnite-premini/.

35 „(ВИДЕО) Инцидент на Деве Баир: Приведени тројца Бугари по турканицата со македонската полиција“, А1 Оn, 4 февруари 2023, https://a1on.mk/macedonia/video-incident-na-deve-bair-privedeni-trojca-bugari-po-turkanicata-so-makedonskata-policija/.

# Граѓански сектор

Во периодот што е предмет на извештајот, Владата претстави модели за вклучување на граѓански организации во преговорите за пристапување во Европската унија. Во март, Секретаријатот за европски прашања одржа конференција насловена како „Граѓанските организации – катализатори за европската интеграција на Северна Македонија“.[36] Овие модели беа дискутирани со граѓанските организации од земјата кои работат на овие прашања. На крајот од минатата година повеќе од 200 организации изразија интерес да учествуваат во процесот на консултации во врска со преговорите за пристапување во ЕУ.

Во март, министерот за надворешни работи одржа состанок на кој ги објасни важноста и предностите на програмата за стратешки дијалог меѓу Северна Македонија и САД. Оваа програма беше промовирана во јуни минатата година во Вашингтон, а за време на средбата невладините организации беа запознаени со неа.[37] Главната агенда на состанокот беше да се испитаат потенцијалните можности за соработка со невладините организации во спроведувањето на Акцискиот план во рамките на Стратешкиот дијалог.[38] Планот опфаќа различни области на соработка, вклучително и борбата против корупција и одржување на владеењето на правото, унапредување на одбраната и безбедноста, промовирање на трговијата и инвестициите и осврнување на прашањата што загрижуваат во областа на животната средина. Планот исто така вклучува и други регионални и глобални прашања од витално значење.

Како избрани претставници на граѓанскиот сектор, ГО што се дел од Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество реагираа на недостатокот на соработка и отсуството на суштинска, па дури и формална комуникација и дијалог со Владата.[39] Според повеќе граѓански организации, капацитетот на здруженијата и фондациите за работа значително е намален. Исто така, контактите со некои од владините министри се имаат влошено, што е документирано во повеќе различни извештаи за состојбата со граѓанските организации. Овие групи побараа средба со претседателот на Владата, за да се осврнат на овие проблеми и заради унапредување на спроведувањето на Стратегијата за соработка и развој на граѓанското општество од 2022-2024.

36 „Презентирани моделите за учество на граѓанските организации во преговорите со ЕУ“, официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 28 март 2023, https://vlada.mk/node/32686?ln=mk.

37 „Османи на брифинг со граѓанскиот сектор за Стратешкиот дијалог меѓу Северна Македонија и САД“, официјална интернет-страница на Министерство за надворешни работи на Република Северна Македонија, 22 март 2023, https://mfa.gov.mk/en/page/13/post/3326/osmani-na-brifing-so-gragjanskiot-sektor-za-strateshkiot-dijalog-megju-severna-makedonija-i-sad.

38 Исто.

39 „Граѓанскиот сектор алармира за односот на Владата кон граѓанското општество“, официјална интернет-страница на Институтот за европски политики – Скопје, 31 јануари 2023, https://epi.org.mk/post/23983.

# Цивилен надзор врз безбедносниот/ разузнавачкиот сектор

Раководителот на Агенцијата за национална безбедност (АНБ) предложи раководител за надзор на внатрешната контрола на агенцијата. Комисијата за надзор над работата на АНБ и Агенцијата за разузнавање го потврди именувањето со мнозинство гласови. Раководителот ќе има мандат од шест години.[40]

# Реформа на јавната администрација

Гореспоменатата реконструкција на Владата доведе до промени во Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА), каде што беа назначени нови министри.[41]

МИОА поднесе предлог до Владата за потпишување на Меѓународен договор меѓу Европската унија и Северна Македонија за учество на земјата во програмата „Дигитална Европа за 2021-2027“. Владата го донесе предлогот и го овласти министерот за информатичко општество да го потпише договорот.[42]

МИОА изготви нова Стратегија за РЈА за 2023-2030 и доби мислење од СИГМА/ОЕЦД за нацрт-верзијата. Се очекува Владата да ја донесе Стратегијата во мај 2023 година.

---

40 „Работни тела: Комисија за надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност и на Агенцијата за разузнавање“, https://sobranie.mk/rabotni-tela-2020-2024-ns_article-komisija-za-nadzor-nad-rabotata-na-agencijata-za-nacionalna-bezbednost-i-na-agencijata-za-razuznavan.nspx.

41 „Алити и Алиу имаа свечено примопредавање на должноста министер во МИОА“, официјална интернет-страница на Министерството за информатичко општество и администрација, 28 февруари 2023, https://mioa.gov.mk/?q=mk/node/4574.

42 „Владата го прифати текстот на спогодба со ЕУ за учество на земјава во програмата Дигитална Европа“, Фокус, 27 декември 2022, https://fokus.mk/vladata-go-prifati-tekstot-na-spogodba-so-eu-za-uchestvo-na-zemjava-vo-programata-digitalna-evropa/.

# Поглавје 23



# Функционирање на судството

## Стратешки документи

Со завршувањето на периодот за спроведување на Стратегијата за реформи на правосудниот сектор за периодот 2017-2022 и на Акцискиот план, Државниот завод за ревизија (ДЗР) во јануари 2023 година го објави својот ревизорски извештај за успешноста на Стратегијата и на Акцискиот план во согласност со Годишната програма на ДЗР за 2022 година.[43] Конкретно, ревизијата утврди дека од 130 мерки во Стратегијата и Акцискиот план само 52% се во целост спроведени, 34% се делумно спроведени и 14% сè уште не се спроведени.[44] Мерките од Стратегијата и Акцискиот план се спроведени со само 20% од планираните буџетски средства, затоа што планираните средства за мерката 2.2.8-2, која вклучува изградба на нови просторни услови, сè уште не е реализирана, а на неа отпаѓаат 40% од планираните средства. Дополнително, средствата обезбедени за мерката 4.1.3.5-1 за Јавното обвинителство на Република Северна Македонија за просторно уредување и одвоеност од судовите сè уште не се искористени, каде што се планирани повеќе средства од потребните за 15%.[45] За Советот за следење на спроведувањето на Стратегијата се утврди дека е потребно да го подобри следењето и известувањето за спроведувањето на активностите за да ги исполни целите на стратегијата. За неговата работа потребно е да се утврди методологија за следењето и евалуација на резултатите од спроведените мерки и активности.[46]

## Управни тела

На десет јануари 2023 година Советот на јавни обвинители гласаше и избра нов член на Советот од редот на јавни обвинители за регионот на Вишото јавно обвинителство Гостивар со изборно место бр. 2.[47] На втори март 2023 година беше објавено дека последното празно место во Советот ќе биде пополнето со избор на член од посебен список кандидати.[48] Овие кандидати се јавни обвинители кои им припаѓаат на малцинските заедници и не се дел од мнозинството во земјата. Регистрацијата за изборите е во тек, а гласањето е закажано за 26 април 2023 година.[49]

Изборот на генерален секретар на Судскиот совет[50] предизвика реакции кај општата јавност поради можниот конфликт на интереси, поради тоа што сопружници работат во иста државна институција, од кои едниот е на функција.[51] Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) исто

43 Конечен извештај за извршена ревизија на успешност „Ефективност на спроведување на Стратегијата за реформи во правосудниот сектор 2017-2022 и спроведување на Акцискиот план на стратегијата“, декември 2022, https://bit.ly/3Jy04oh.

44 Исто.

45 Исто.

46 Исто.

47 Соопштение, официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 10 јануари 2023, https://bit.ly/43h4kj4.

48 „Оглас за избор на член на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија од единствената посебна листа на кандидати за јавни обвинители, припадници на сите заедници кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, со изборни места како за општата листа“, официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 2 март 2023, https://bit.ly/3ZU12zs.

49 Исто.

50 „Соопштение од 431-та седница на Судскиот совет на РСМ – 20.02.2023 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3nThiDF.

51 „Весна Толева избрана за генерален секретар на Судскиот совет, маж ѝ е возач на претседателката на Советот, а син им е вработен во Виш управен суд“, Сакам да кажам, 20 февруари 2023, https://bit.ly/3KC4nPg.

така коментираше за изборот, притоа посочувајќи дека не е етички правилно и дека има доволно елементи да се формира предмет.[52] Меѓутоа, тие ќе ја испитаат систематизацијата на Судскиот совет и релевантните закони.[53]

Во текот на состанокот одржан на 31 март 2023 година Судскиот совет формираше работна група со претседателот на Врховниот суд, претседателите на четирите апелациски судови и претседателот на Здружението на судии. Главната цел на групата е да се заштити автономијата и независноста на судиите, особено заштита на нивниот интегритет и да се поработи на сите предизвици што произлегуваат од судскиот систем.[54]

## Независност и непристрасност

Од први јануари 2023 година јавните обвинителства имаат обврска да го користат електронскиот систем за распоредување предмети, по донесувањето на новиот правилник[55] и обуката за тоа како тој да се применува соодветно. Со ова ќе се подобри управувањето со предметите во овие обвинителства.[56] На 28 март 2023 година беше воведена алатка за подобрување на отчетноста, транспарентноста и ефикасноста на системот на јавното обвинителство.[57] Во моментов, во тек е изработка на алатката за следење на работата на системот на Јавното обвинителство. Нејзината цел е да ги мери резултатите на системот, да ги идентификува слабостите и да промовира мерки за реформа засновани на докази заради поголема делотворност.[58]

## Отчетност

годишниот извештај за работата на Советот на јавните обвинители за 2022 година го нагласи значителниот број на неподнесени извештаи од вишите јавни обвинителства во врска со надзорот врз пониските обвинителства на кои се упатува во претставките.[59] Има доцнење со извештајот поради тоа што Јавното обвинителство не поднело извештај за 18 претставки до 31 декември 2022 година.[60]

На седницата одржана на 11 јануари 2023 година Судскиот совет утврдил дека тимовите што работеле на предметите „Таргет-Тврдина" и „Трезор" од Апелациониот суд Скопје[61] направиле пропусти со што неоправдано дошло до одолжување на предметите, со што се прекршени законски

52 Исто.
53 Исто.
54 Работен состанок во Судскиот совет, официјална интернет-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 31 март 2023, https://bit.ly/3GmavIR.
55 „Правилник за начинот на распределба на предметите во јавните обвинителства преку системот за електронска распределба на предметите", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 31/2022.
56 „Од 1 јануари 2023 година задолжително ќе се применува системот за управување со предмети во јавните обвинителства", официјална интернет-страница на Министерството за правда, 1 јануари 2023, https://pravda.gov.mk/vest/6465.
57 Конференција на тема „Подобрување на ефикасноста, транспарентноста и отчетноста на Јавното обвинителство", официјална интернет-страница на Центарот за правни истражувања и анализа – ЦПИА, 28 март 2023, https://bit.ly/40hCK2v.
58 Исто.
59 „Годишен извештај за работата на Советот на јавни обвинители за 2022 година", март 2023, https://bit.ly/3oqBq0g.
60 Исто.
61 По притисокот од јавноста и мислењето на Врховниот суд, Апелациониот суд Скопје ги објави одлуките со кои ги укина двата предмета. Васко Маглешов: Ништо не им е јасно на апелациските судии во пресудата за „Трезор", Призма/Балканска истражувачка репортерска мрежа (БИРН) Македонија, 27 јануари 2023, https://bit.ly/43EzNME; Васко Маглешов: Предметот за прислушувањето се лизна на ненаправен „copy-paste", Призма/Балканска истражувачка репортерска мрежа (БИРН) Македонија, 18 јануари 2023, https://prizma.mk/predmetot-za-prislushuvaneto-se-lizna-na-nenapraven-copy-paste/.

утврдените рокови.[62] Иако судијата-известител во првиот предмет како објаснување за ваквата ситуација навел дека имал премногу закажани предмети, особено такви од висок профил, утврдено е дека повеќето закажани предмети се завршени. Дури и поновите од 2022 година се решени.[63] Пропусти поврзани со одложувањата на предметот од страна на истиот судија-известител исто така се утврдени и за предметот „Транспортер".[64] Судијата-известител за вториот предмет не даде никакво објаснување зошто му се потребни пет месеци за да ја напише пресудата.[65] Судскиот совет ќе продолжи да испитува дали има основи да се утврди одговорност на судиите.[66]

Нерегуларностите во начинот на испитување на вештите лица од страна на Судскиот совет, спротивно на одредбите од Законот за кривична постапка на рочиштата[67] за главната расправа во предметот „Ласкарци" беа потврдени од Коалицијата „Сите за правично судење" во февруари 2023 година.[68] Во текот на расправата, судот одлучил дека само еден вештак од тимот ќе биде испрашуван и да одговара на прашања во назначената област. Наспроти тоа, преостанатите вештаци треба да останат во судницата за поддршка и дополнување на одговорите дадени од страна на вештакот кој се испрашува. Меѓутоа, забележано е дека другите вештаци во судницата повремено одговарале на прашања, наместо вештакот кој е испрашуван.[69] Овој вид испрашување е дозволен од страна на Судскиот совет, бидејќи четири вештаци го подготвиле предметното супервештачење, а сите заедно работеле како тим на неговата подготовка, секој поединечно го потпишал вештачењето и сите вештаци дале заклетва пред судот. Јавниот обвинител приговорил на ваквиот начин на испрашување на вештаците.[70] И покрај приговорите, ваквата практика продолжила и на последователните рочишта.[71]

Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавнообвинителската функција при Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, по спроведената дисциплинска постапка против трите јавни обвинителки, инволвирани во претресот на Управата за финансиската полиција (УФП)[72] и разгледување на извештајот на обвинителот-известител, донесе Решение со кое утврдила дека претходната шефица на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ОЈО ГОКК) направила сериозен дисциплински прекршок и поднела предлог за нејзино разрешување до Советот на јавните

62 „Соопштение од 427-та седница на Судскиот совет на РСМ – 11.01.2023 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3oazSaw.

63 „Апелација неоправдано го чувала во фиока предметот за Мијалков кој е блиску да застари констатираше Судски совет, а се решавале понови предмети", А1 On, 11 јануари 2023, https://a1on.mk/macedonia/apelacija-neopravdano-go-chuvala-vo-fioka-predmetot-za-mijalkov-koj-e-blisku-da-zastari-konstatirashe-sudski-sovet-a-se-reshavale-ponovi-predmeti/.

64 Утврдени пропусти во предметот „Алфа", убиство што се случило пред 14 години, и сè уште се одлучува по предметот. Пресудата од последната инстанција е донесена во 2019 година, а судија известувач е Зоран Димитриевски. „Утврдени пропусти кај судии во Апелација во четири предмети, но одговорност засега нема", Фокус, 11 јануари 2023, https://fokus.mk/utvrdeni-propusti-na-svvvudii-vo-apelatsija-vo-chetiri-predmeti-no-odgovornost-zasega-nema/.

65 Исто.

66 „Ќе има ли одговорност?", ТВ 24, 12 јануари 2023, https://24.mk/details/kje-ima-li-odgovornost.

67 „Увид во супервештачењата за несреќата кај Ласкарци", Радио Слободна Европа, 26 јануари 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32240134.html.

68 „Јавна реакција за начинот на испитување на вештите лица во судскиот предмет за автобуската несреќа – Ласкарци", Коалиција „Сите за правично судење", 6 февруари 2023, https://drive.google.com/file/d/1P488s_8B-UEutaMLzrqOvvnUrTjnNYU9/view?fbclid=IwAR020dkOJym1WuaHUo1YTbIyfUfFIMhztsY_BC0DI-DIB9zijWZksibUvRo.

69 Исто.

70 Исто.

71 „Вештаците хорски одговараат за 'Ласкарци', нова реакција од набљудувачите: Продолжи лошата практика", Макфакс, 16 февруари 2023, https://bit.ly/3o2Kwjs.

72 Соопштение, официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 1 август 2022.

обвинители.[73] Втората јавна обвинителка од ОЈО ГОКК добила 30% намалување на нејзината месечна плата за период од шест месеци како дисциплинска мерка.[74] Третата јавна обвинителка е ослободена од одговорност.[75] Во моментов, во тек е кривична истрага против трите обвинителки, по претставка поднесена од поранешниот директор на УФП.[76]

## Професионализам и надлежност

Во овој тримесечен период, Советот на јавни обвинители нема избрано јавни обвинители за обвинителствата во земјата и нема разрешено ниту еден јавен обвинител.[77] Три обвинителски места се испразнети поради исполнување на условите за старосна пензија.[78] Последователно, на втори март 2023 година, Советот објави оглас за избор на 32 основни јавни обвинители во јавните обвинителства во Штип, Битола, Велес, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Кичево, Крива Паланка, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Ресен, Свети Николе, Струга, Струмица и Тетово.[79] Имаше оглас и за избор на четири јавни обвинители во ОЈО ГОКК.[80]

Со промената на министерот за правда,[81] прашањето за проверка (ветинг) стана порелевантно. Повеќепати беше нагласено дека се разговарало со локалните и со меѓународните чинители во врска со способноста на земјата да го спроведе ветингот.[82]

Судскиот совет конечно избра судии за Врховниот суд на Република Северна Македонија, Апелациониот суд Гостивар и претседател на Основниот суд Тетово по многу одлагања од објавувањето на огласите.[83] Поконкретно, избрани се двајца судии за граѓанската област на Врховниот суд и двајца судии за кривичната област во Апелациониот суд Гостивар.[84] Ниеден од петтемина кандидати за кривичната област на Врховниот суд не го добиле потребниот број гласови за да бидат избрани.[85] Изборот е спроведен во согласност со новите критериуми за избор

73 Соопштение, официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 30 март 2023, https://jorm.gov.mk/sooopshtenie/.

74 Исто.

75 Исто.

76 „Кривична пријава против три физички лица и едно правно лице“, официјална интернет-страница на Финансиската полиција, 23 декември 2022, https://finpol.gov.mk/mk/221223-krivichna-prijava-protiv-tri-fizichki-lica-i-edno-pravno-lice.

77 Совет на јавни обвинители, „Доставување на информации од јавен карактер“, 13 април 2023.

78 Исто.

79 Оглас за избор на основни јавни обвинители на РСМ, официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 2 март 2023, https://bit.ly/40eHndL.

80 Исто.

81 „Парламентарното мнозинство ги избра новите министри во Владата“, официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 27 февруари 2023, https://vlada.mk/node/32251.

82 „Лога: Почнавме дискусии за законот за ветинг, странските амбасадори изразуваат подготвеност за поддршка“, официјалниот профил на „Фејсбук“ на Министерството за правда на Република Северна Македонија, 10 март 2023, https://www.facebook.com/MinisterstvoPravda/posts/pfbid02KkYHboeDhPPRL7eyHCVrjniMRYYmotXoB1TPbJaNBFfp5aLP7rqpFiRvwhcJZ13Cl.

83 Соопштение од 436-та седница на Судскиот совет на РСМ – 29.03.2023 година, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/40MIq5U.

84 Исто.

85 Судијата од Апелациониот суд, Енвер Беџети, е еден од одбиените кандидати за кривичната област на Врховниот суд. Беџети ѝ стана познат на јавноста како судијата-известувач, кој, според анализата на Судскиот совет, со месеци го криел предметот „Таргет-Тврдина“ во фиока, а во кој Сашо Мијалков, Никола Груевски и други поранешни вработени во Управата за безбедност и контраразузнавање се обвинети за кривично дело незаконско прислушување. И покрај тоа што се откри пролонгирање на судската постапка и објавената политика на Судскиот совет за утврдување на можна одговорност за пропусти, Беџети повторно доби четири гласа, двапати помалку од потребните. Другите кандидати добија ист број гласови, односно по четири „за“ и осум „против“ со исклучок на кандидатката за врховна судијка Данка Ристова, која доби шест гласови „за“. „И Врховниот суд останува со само петмина судии“, Слободен печат, 29 март 2023, https://www.slobodenpecat.mk/i-vrhovniot-sud-ostanuva-so-samo-petmina-sudii/.

на судии во повисокиот суд и избор на претседател на судот со примена на посебно оценување на кандидатите за судии и претседател на судот. Примената на новите критериуми беше причината за одлагање на изборот за повеќе од една година.[86]

На 20 февруари 2023 година Судскиот совет предложи нов уставен судија[87] по завршувањето на мандатот на претходниот во декември 2022 година.[88] Првиот предложен кандидат од тројцата е избран по добивањето мнозинство гласови за предлогот.[89] Во текот на разгледувањето на предлогот, имаше јавно негодување[90] и спротивставување од Собранието, кога се иницираше прашањето за негласање за преостанатите двајца кандидати.[91]

Меѓународниот кривичен суд неодамна отвори шест позиции за судии, вклучително и две за источна и централна Европа. По првпат беше номиниран и кандидат од земјата, Мирјана Лазарова Трајковска, судијка од Врховниот суд.[92]

86 Ангела Делевска и Беба Жагар, Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот октомври 2021 – септември 2022, Институтот за европски политики – Скопје, 29 декември 2022, https://epi.org.mk/post/23886?lang=en.

87 Соопштение од 431-та седница на Судскиот совет на РСМ – 20.02.2023 година.

88 „Заврши мандатот на судијата Вангелина Маркудова, Уставниот суд остана со 6 судии од предвидени 9“, 9 декември 2022, https://bit.ly/3K943pG.

89 Соопштение од 431-та седница на Судскиот совет на РСМ – 20.02.2023 година.

90 „Елизабета Дуковска од скопска Апелација е предлог на Судскиот совет за уставна судијка“, 360 степени, 20 февруари 2023, https://360stepeni.mk/elizabeta-dukovska-od-skopska-apelatsija-e-predlog-na-sudskiot-sovet-za-ustavna-sudijka/.

91 Членот на Судскиот совет, Зоран Герасимовски, им објасни на пратениците на расправата во Собранието зошто другите двајца кандидати не се изгласани. Конкретно посочи дека гласањето е спроведено согласно редоследот на нивниот предлог и со оглед на тоа што првопредложениот кандидат го добил мнозинството гласови и во тој момент само еден кандидат требало да биде предложен гласањето не почнало за преостанатите два кандидати. Тој додал дека ако Судскиот совет постапил поинаку, во тој случај ќе биде повреден Законот за Судскиот совет, бидејќи тој не предвидува дека предлогот што добил најмногу гласови ќе биде утврден за кандидат, туку според редоследот на гласање, тој што ќе го добие неопходното мнозинство, што е најмалку осум гласови од членовите на Советот со право на глас. „Собраниска расправа за изборот на Дуковска за судија на Уставен суд, за опозицијата прекршен е Уставот“, А1 Оn, 22 март 2023, https://a1on.mk/macedonia/sobraniska-rasprava-za-iz-borot-na-dukovska-za-sudija-na-ustaven-sud-za-opozicijata-prekrshen-e-ustavot/.

92 Соопштение од итната 434-та седница на Судскиот совет на РСМ – 14.03.2023 година, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3mAMRSt.

## Квалитет на правдата

Педесет и осум кандидати за судии и јавни обвинители од седмата генерација на Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО) ја завршија почетната обука на Академијата.[93] Ранг-листата со конечните резултати од полагањето на завршниот испит и конечната ранг-листа на кандидати за судии и јавни обвинители беше објавена на 20 февруари 2023 година[94] (со објавувањето на дополнителната ранг-листа на први март заради правото на кандидатите да го преполагаат завршниот испит)[95] и им беше испратена на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители на распределување.[96] Претходно, на 30 јануари 2023 година, по формирањето на Комисијата за приемен испит, беше објавено јавно известување за прием на деветтата генерација на слушатели за почетна обука во АСЈО.[97] Програмата за приемниот испит беше утврдена и беше утврдена временската динамика за спроведување на испитот.[98]

Предлог-законот за Академијата за судии и јавни обвинители беше одложен по долга собраниска постапка. Како резултат на тоа, Владата го повлече законот за да ги вклучи предложените измени и дополнувања со кои се усогласува со европските вредности и се подобрува текстот. Владата сега донесе нова верзија на предлог-законот за Академијата за судии и јавни обвинители, кој беше донесен на 29 март 2023 година.[99]

93 Меѓу нив беше и синот на претседателот на Собранието, Талат Џафери, сопругата на актуелниот шеф на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Ислам Абази, и сопругата на градоначалникот на Општина Аеродром, Тимчо Муцунски. „Доделени 58 уверенија за завршени кандидати за судии и јавни обвинители од седмата генерација на АСЈО", официјална интернет-страница на Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 29 март 2023, https://bit.ly/416ArQO.

94 „Објавување на ранг-листата со конечни резултати од полагањето на завршниот испит во Академијата за судии и јавни обвинители за седмата генерација слушатели на почетна обука и конечната ранг-листа на кандидати за судии и јавни обвинители", официјална интернет-страница на Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 20 февруари 2023, https://bit.ly/3KhfOul.

95 „Објавување на дополнета ранг-листата со конечни резултати од полагањето на завршниот испит во Академијата за судии и јавни обвинители за седмата генерација слушатели на почетна обука и конечна ранг-листа на кандидати за судии и јавни обвинители", официјална интернет-страница на Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 1 март 2023, https://bit.ly/3KGPlrB.

96 Седмата генерација заврши со 30 кандидати за судии и 28 за јавни обвинители. Советот на јавни обвинители објави соопштение за изборот на јавни обвинители во основните јавни обвинителства од кандидатите кои ја завршиле основната обука на 6 март 2023 година, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 48/2023. Судскиот совет објави соопштение за изборот на судии во основните судови од кандидатите кои ја завршиле основната обука на 29 март 2023 година, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 69/2023.

97 Јавен оглас за прием во почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 19/2023.

98 Известување од Комисијата за приемен испит, официјална интернет-страница на Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 3 март 2023, https://bit.ly/3MqnRI1.

99 Новото законско решение е во согласност со препораките на Мисијата за оценка на правосудната обука од 2018 година и оттука, меѓу другото, реорганизацијата на приемниот испит со цел да се обезбеди подобра обука за кандидатите за успешно учество во обуката; кратење на роковите за поднесување и одлучување по приговорите и претставките за резултатите од приемниот испит; редефинирање на методот за полагање на крајниот испит согласно критериумите и објективните критериуми за оценување на знаењето на кандидатите; јакнење на начинот на спроведување на обуката содржан како стратешка цел во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор. „Од 140-та владина седница: одлука за замрзнување и намалување цени на хигиенски производи; меморандуми за разбирање со цел олеснувања и забрзувања на протокот на луѓе и стока меѓу Северна Македонија и Србија", официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 29 март 2023, https://vlada.mk/node/32711.

## Ефикасност

Со донесувањето на годишниот извештај на Судскиот совет за 2022 година,[100] како и на извештајот за работата на судовите за 2022 година,[101] беше согледано дека судовите не го совладале приливот на предмети и го зголемиле бројот на предмети за 11.785 предмети.[102] Дополнително, согласно извештајот на Судскиот совет, од 34 судови во 2022 година, 19 се сметаат за ажурни, а 15 за неажурни, од кои два се апелациски судови.[103] Основниот кривичен суд Скопје и Основниот граѓански суд Скопје се дел од неажурните судови.[104]

Уставниот суд на седми март 2023 година одлучи дека ограничувањето на изборот на претседател и заменик-претседател на Судскиот совет само на членовите избрани од Собранието е неуставно. Со ова се исклучувале другите членови на Советот кои имаат право да гласаат.[105] Став 3 од член 8 од Законот за Судскиот совет, во којшто се вели „кои се избрани од страна на Собранието на Република Северна Македонија", се укинува.[106] Се работи за постапка почната во 2021 година[107] врз основа на иницијатива поднесена во јули 2020 година, која беше двапати одложена поради тоа што не доби мнозинство гласови.[108]

Неколку дена подоцна, на 21 март 2023 година, Уставниот суд го укина член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плати и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија од 2010 година[109] и член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плати и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија од 2014 година,[110] кој досега утврдуваше фиксен износ што служеше како основица за утврдување на платите на функционерите.[111] Укинувањето на овие одредби резултира од двојството во уредувањето на основицата на платата на избраните и именувани лица преку истовремено постоење на две норми (другата норма е член 11) во истиот закон.[112] Член 11 и понатаму е на сила, според кој основицата се определува според просечната плата остварена во претходната година што ја утврдува Државниот завод за статистика, се множи со утврдениот коефициент и се

100 Судски совет на Република Северна Македонија, Годишен извештај за работата на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2022 година, февруари 2023, https://bit.ly/40scOBG.

101 Судски совет на Република Северна Македонија, Годишен извештај за работата на судовите во 2022 година, https://bit.ly/3LakvrH.

102 Судски совет на Република Северна Македонија, Годишен извештај за работата на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2022 година.

103 Исто.

104 Исто.

105 „Укинат дел од член 8 од Законот за Судски совет, кој се однесува на изборот на претседател", официјална интернет-страница на Уставниот суд на Република Северна Македонија, 7 март 2023, https://ustavensud.mk/?p=23710.

106 Исто.

107 У. бр. 233/2020, официјална интернет-страница на Уставниот суд на Република Северна Македонија, 28 април 2021, https://ustavensud.mk/?p=21014.

108 „Соопштение по одржаната 17-та седница на Судот", официјална интернет-страница на Уставниот суд на Република Северна Македонија, 30 јуни 2021, https://ustavensud.mk/?p=21062; „Соопштение по одржаната 36-та седница на Уставниот суд", официјална интернет-страница на Уставниот суд на Република Северна Македонија, 16 ноември 2022, https://ustavensud.mk/?p=22931.

109 Закон за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија, Службен весник на Република Македонија, бр. 97/2010.

110 Закон за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија, Службен весник на Република Македонија, бр. 139/2014.

111 У. бр. 113/2022-1, официјална интернет-страница на Уставниот суд на Република Северна Македонија, 21 март 2023, https://ustavensud.mk/?p=23879.

112 У. бр. 113/2022-1.

зголемува за процентот на работното искуство од 2,2 до 4,5 проценти.[113] Одлуката предизвика бурни реакции кај јавноста[114] и претседателот на државата, кој ја повика Владата да предложи законско решение за да го регулира прашањето со намалување на процентот на зголемување на платите.[115]

Од шесте предмети против поранешниот директор на Управата за безбедност и контраразузнавање, единствената правосилна пресуда беше добиена во предметот „Империја" во кој по спогодбата со обвинителството тој издржува казна затвор од три години во затвор од отворен тип во Струга.[116] Во февруари 2023 година одново почнаа судењата за предметите „Трезор"[117] и „Таргет-Тврдина".[118] На 23 март 2023 година Апелациониот суд Скопје објави дека ја потврдува ослободителната пресуда што Основниот суд ја донесе во предметот „Тортура".[119] Еден ден подоцна, затворската казна за предметот „Плацевите на Водно" ја замени со условна казна.[120] Дополнително, со одлагање на рочиштето на 30 март 2023 година, поради отсуството на голем број од странките, предметот „Титаник 2" застари.[121] Беше заклучено од документацијата дека странките не се соодветно поканети.[122] Понатаму ќе им се суди само на преостанатите обвинети, чие рочиште е закажано за 13 април 2023 година.[123]

113 Исто.

114 „За 78% ќе се зголеми платата на функционерите, градоначалниците, судиите, пресметаа синдикатите", Телма телевизија, 31 март 2023, https://telma.com.mk/2023/03/31/za-78-kje-se-zgolemi-platata-na-funkcionerite-gradonachalnicite-sudiite-presmetaa-sindikatite/.

115 „Соопштение за одлуката на Уставен суд", официјален профил на „Фејсбук" на претседателот на Република Северна Македонија, 30 март 2023, https://bit.ly/3Klbz0S.

116 „Сашо Мијалков призна вина и доби три години затвор за 'Империја', ќе му бидат конфискувани 36 милиони евра", Сакам да кажам, 8 јули 2022, https://sdk.mk/index.php/makedonija/sasho-mijalkov-prizna-vina-i-dobi-tri-godini-zatvor-za-imperija-ke-mu-bidat-konfiskuvani-36-milioni-evra/.

117 „Судење за 'Трезор' втор пат: Мијалков не се чувствува виновен", Нова Македонија, 15 февруари 2023, https://novamakedonija.com.mk/makedonija/hronika/sudenje-za-trezor-vtor-pat-mijalkov-ne-se-chuvstvuva-vinoven/.

118 „Продолжува судењето против Мијалков за масовното прислушување", Телма телевизија, 27 февруари 2023, https://telma.com.mk/2023/02/27/prodolzhuva-sudenjeto-protiv-mijalkov-za-masovnoto-prislushuvanje/.

119 „Апелација ја потврди ослободителната пресуда за Мијалков во 'Тортура'", Нова Македонија, 23 март 2023, https://novamakedonija.com.mk/makedonija/hronika/apelacija-ja-potvrdi-osloboditelnata-presuda-za-mijalkov-vo-tortura/.

120 „Мијалков се спаси од затвор за перење пари за 'Плацеви на Водно' – Апелација му ја преиначи затворската во условна казна", Телма телевизија, 24 март 2023, https://telma.com.mk/2023/03/24/mijalkov-se-spasi-od-zatvor-za-perenje-pari-za-placevi-na-vodno-apelacija-mu-ja-preinachi-zatvorskata-vo-uslovna-kazna/.

121 Втората пресуда на Основниот суд беше донесена на 23 јануари 2023 година, со која првообвинетиот беше осуден на казна затвор од две години. Обвинителството нагласи дека нема да ја обжали пресудата со цел да не ја одолжи постапката и да не застари предметот. „Мијалков нема да одговара во 'Титаник 2', делото ќе застари", Глас на Америка, 30 март 2023, https://mk.voanews.com/a/7028687.html.

122 Исто.

123 Исто.

# Борба против корупцијата

Северна Македонија беше рангирана на 85-то место во светот со 40 индексни поени на последниот Индекс за перцепцијата на корупцијата на Транспаренси интернешнел, додека претходната година беше на 87-то место со 39 индексни поени.[124]

Извештајот на Стејт департментот на САД за состојбата со човековите права за Северна Македонија утврди дека Владата има преземено чекори за идентификување, истражување, гонење и казнување на службените лица кои ја злоупотребиле својата функција и учествувале во корупција. Меѓутоа, извештајот нагласува дека, иако земјата има закон со којшто се предвидуваат кривични казни за корупција извршена од страна службени лица, и понатаму има пријави за службени лица вмешани во корупција. Тој заклучува дека јавните анкети постојано ја посочуваат корупцијата како еден од главните проблеми за македонските граѓани.[125]

## Државна комисија за спречување на корупцијата

На средината на септември беше спроведена експертска мисија на ТАИЕКС за формирање на аналитички центар во рамките на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК). Целта на оваа експертска мисија беше да ја оцени актуелната состојба на институционалната и организациската структура и законската регулатива за да даде препораки за формирање на аналитички центар во рамките на ДКСК. Целта за креирање на овој центар е да се унапредат капацитетите на институциите и на организациите за борба против корупцијата и зголемување на интегритетот и довербата на граѓаните.[126]

Во периодот опфатен со извештајот, ДКСК отвори 187 предмети врз основа на сомневање за корупција и злоупотреба на службена должност, 35 пријави за судир на интереси и 19 предмети во врска со пријавување и следење на имотната состојба.[127]

ДКСК потпиша Меморандум за соработка со Јавното обвинителство на Република Северна Македонија. Меморандумот предвидува јакнење на соработката меѓу двете институции преку навремена, итна и заемна комуникација со што ќе се обезбеди размена на основните податоци и информации поврзани со наодите содржани во предметите на кои работи ДКСК, за кои поднесува кривична пријава до надлежното Јавно обвинителство, како и преку изработка на заеднички проекти за унапредување на меѓуинституционалната соработка.[128]

---

124 Transparency International, „2022 Corruption Perceptions Index“ (Индекс за перцепција на корупцијата), 2022, https://www.transparency.org/en/cpi/2022/index/mkd.

125 US Department of State, „2022 Country Report on Human Rights Practices for North Macedonia“ (Стејт департмент на САД, „Извештај за состојбата со човековите права за Северна Македонија за 2022“), 21 март 2023, https://www.state.gov/reports/2022-country-reports-on-human-rights-practices/north-macedonia/.

126 „Експертската мисија на TAIEX за формирање на Аналитички центар во рамки на ДКСК“, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 14 февруари 2023, https://bit.ly/3KotXGf.

127 Државна комисија за спречување на корупцијата, „Доставување на информации од јавен карактер“, 28 април 2023.

128 „Потпишан меморандум за соработка со Јавното обвинителство на Република Северна Македонија“, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 20 февруари 2023, https://bit.ly/3KqDc8J.

Во врска со контроверзното тврдење дека синот на актуелниот претседател на Собранието добил право да полага правосуден испит со дискрециска одлука на поранешен министер за правда, а без да ги исполни пропишаните услови во однос на образованието,[129] ДКСК спроведе истрага и заклучи дека на кандидатот постои можност да му се одземе потврдата за положен правосуден испит.[130] Меѓутоа, тој успеа да се запише и да ја заврши Академијата за судии и јавни обвинители со таа потврда. Тој беше на списокот на идни јавни обвинители објавена од Академијата на средината на февруари.[131]

## Јавно обвинителство

На 16 февруари Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) одлучи да не го разгледува помилувањето дадено од поранешниот претседател на земјата во судските предмети „Транспортер", „Тортура", „ТНТ" и „Титаник".[132] Имено, во овие предмети неколку поранешни владини функционери беа обвинети од поранешното Специјално јавното обвинителство и беа осудени, но подоцна помилувани во 2016 година. Осудените лица се жалеа пред ЕСЧП во врска со нивното право на правично судење. Сепак, Судот одлучи дека овие жалби се предвремени, бидејќи не се исползувани сите правни лекови што ги нуди македонскиот правен систем. Ова значи дека судските постапки против осумте жалители ќе продолжат и тие ќе продолжат да ги издржуваат своите затворски казни.[133]

Во периодот опфатен со овој извештај, продолжи судењето на предметот „Софтвери" во кој првообвинет е поранешниот генерален секретар на Владата. Поранешниот генерален секретар на Владата поднесе кривични пријави против јавен обвинител и стручен соработник на ОЈО ГОКК за несовесно работење во службата.[134]

На осми март беше потпишан Договорот за изградба на коридорите 8 и 10 од страна на Министерството за транспорт и врски, Јавното претпријатие Државни патишта и конзорциумот „Бехтел и Енка". Со Договорот се регулира голема владина инвестиција, чија цел е подобрување на квалитетот на патната инфраструктура и сообраќајот, во согласност со главните владини приоритети. Договорот е во вредност од 1,3 милијарди евра, наменети за изградба на четири делници автопат во вкупна должина од 110 километри.[135] Најголемата опозициска политичка партија ВМРО-ДПМНЕ посочи низа наводни нерегуларности во врска со овој договор, на пример тоа дека една од ангажираните компании ја добила својата дозвола во текот на

129 „Како синот на Талат Џафери полагал правосуден испит и се запишал на Академија за судии?", Канал 5, 28 ноември 2022, https://kanal5.com.mk/kako-sinot-na-talat-djaferi-polagal-pravosuden-ispit-i-se-zapishal-na-akademija-za-sudii/a557605.

130 „Синот на Џафери избран за обвинител, иако Антикорупциска води случај за него", Алсат М, 21 февруари 2023, https://alsat.mk/mk/sinot-na-dhaferi-izbran-za-obvinitel-iako-antikoruptsiska-vodi-sluchaj-za-nego/.

131 „Синот на Џафери меѓу избраните кандидати за обвинители, иако антикорупциска води случај за него", Телма телевизија, 22 февруари 2023, https://telma.com.mk/2023/02/22/sinot-na-dzhaferi-izbran-za-obvinitel-iako-antikorupciska-vodi-sluchaj-za-nego/.

132 ЕСЧП, „Одлука за предметот Талески и други против Северна Македонија" [ECtHR, „Decision Taleski and Others v. North Macedonia (A Nos. 77796/17, 80003/17, 81848/17, 81862/17, 11583/18, and 30884/18)]", 16 февруари 2023, https://bit.ly/41RcoWj.

133 „Стразбур засега не ги ослободи од гонење Груевски и други екс-функционери", slobodnaevropa.mk, 16 февруари 2023, https://bit.ly/3H9yn37.

134 „Случај 'Софтвери': Рашковски со кривични пријави за јавен обвинител и стручен соработник во ОЈО", 24.mk, 26 јануари 2023, https://24.mk/details/sluchaj-softveri-rashkovski-so-krivichni-prijavi-za-javen-obvinitel-i-struchen-sorabotnik-vo-ojo.

135 „Потпишан договорот за изградба на коридорот 8 и 10-д, почнува реализацијата на еден од најголемите инфраструктурни проекти", 8 март 2023, https://vlada.mk/node/32389.

постапката за јавни набавки,[136] дека истата компанија има друга регистрирана главна дејност, а не изградба на патишта[137] и дека износот што ќе се плати за надзор на проектот ќе биде седум пати поскап во споредба со други проекти. [138] По овие наводи, ОЈО ГОКК[139] и ДКСК[140] отворија истраги во врска со горепосочениот договор за изградба на коридорите.

## Правна рамка

Беа донесени долгоочекуваните измени и дополнувања на Кривичниот законик.[141] Овие измени имаат цел да се спроведе Истанбулската конвенција преку воведување на нови одредби што се занимаваат со родово-засновано насилство, редефинирање на постојните дела и воведување на построга казнена политика за вакви дела. Исто така, вклучува и одредби поврзани со безбедноста на новинарите и измени во политиките за конфискација и тортура, како и усогласување со Директивата (ЕУ) 2017/1371 за борба против измама во врска со финансиските интереси на Унијата со примена на кривичното право.

136 „ВМРО-ДПМНЕ: Обвинителството мора да истражи како 'Електра Солушнс' добила лиценца среде отворен тендер", 360 степени, 26 март 2023, https://360stepeni.mk/vmro-dpmne-obvinitelstvoto-mora-da-istrazhi-kako-elektra-solushns-dobila-litsent-sa-srede-otvoren-tender/.

137 „ВМРО-ДПМНЕ: Ковачевски и Груби се фалеа со странски надзор, а на крај промовираа договор со фабрика за гаќи", 360 степени, 17 март 2023, https://360stepeni.mk/vmro-dpmne-kovachevski-i-grubi-se-falea-so-stranski-nadzor-a-na-kraj-promoviraa-dogovor-so-fabrika-za-gaki/.

138 „Стојаноски: Коруптивните шеми продолжуваат, надзорот на коридорите 8 и 10-д се плаќа и до седум пати поскапо споредено со други проекти", 360 степени, 23 март 2023, https://360stepeni.mk/stojanoski-koruptivnite-shemi-prodolzhuvaat-nadzorot-na-koridorite-8-i-10-d-se-plaka-i-do-sedum-pati-poskapo-sporedeno-so-drugi-proekti/.

139 „Обвинителството отвори предмет за надзорот врз коридорите 8 и 10-д", Нова телевизија, 28 март 2023, https://novatv.mk/obvinitelstvoto-otvori-predemet-za-nadzorot-vrz-koridorite-8-i-10-d/.

140 „Антикорупциска отвора предмет за изградбата на коридорите 8 и 10", Република, 9 март 2023, https://republika.mk/vesti/makedonija/antikoruptsiska-otvara-predmet-za-izgradbata-na-koridorite-8-i-10/.

141 „Минаа измените на Кривичниот законик", 24.mk, 13 февруари 2023, https://24.mk/details/minaa-izmenite-na-krivichniot-zakonik.

# Основни права

Извештајот за Северна Македонија на Стејт департментот на САД за состојбата со човековите права ги посочува следниве проблеми поврзани со темелните права: нечовечно и понижувачко постапување и пренатрупаност во некои затворски установи, насилство и закани со насилство против новинари, отсуство на отчетност за родово-засновано и семејно насилство и кривични дела со насилство и закани против лица од ЛГБТ+ заедницата.[142]

## Судска практика на Европскиот суд за човекови права

Според последните информации од Профилот на ЕСЧП за земјата со информации за печатот, во текот на 2022 година, Судот разгледал 314 случаи што се однесувале на Северна Македонија од кои 302 се прогласени за недопуштени или се отфрлени. Тој донел шест пресуди (во врска со 12 жалби) и во четири од нив утврдил барем една повреда на ЕКЧП.[143]

## Народен правобранител

Според податоците од Годишниот извештај за 2022 година, во претходната година Народниот правобранител обработил/разгледал вкупно 3.482 претставки од кои 3.209 се од 2022 година, додека другите 273 предмети се префрлени од претходната година. Од овие претставки Народниот правобранител иницирал постапки во 2.173 случаи (или 62,41%). Во извештајот од оваа година најголем број на утврдени повреди имало во областа на заштитата на правата на децата (103 предмети), во областа на судството (89 предмети), во областа на граѓанските услови и други внатрешни работи (58 предмети), потрошувачките права (53 предмети), социјалната заштита (47 предмети), заштитата на правата што произлегуваат од работните односи (44 предмети), пензиското и инвалидското осигурување (42 предмети) и други.[144]

Во периодот што е предмет на извештајот, народниот правобранител добил 783 претставки, со најмногу претставки во областа на судството, работните односи, потрошувачките права, детските права, градежништвото и урбанизмот.[145]

Народниот правобранител и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) потпишаа Меморандум за соработка, во кој се нагласува заложбата на двете страни да работат заедно на унапредување и заштита на сите права на граѓаните. Институциите имаат намера да соработуваат и да спроведуваат образовни активности и соодветно истражување за унапредување на начелото за еднаквост и начелото за недискриминација, соработка во организирањето на јавни дебати, работилници, конференции и кампањи и други образовно-промотивни настани, како и за соработка во постапувањето по претставки и конкретни

142 US Department of State, „2022 Country Report on Human Rights Practices for North Macedonia" (Стејт департмент на САД, „Извештај за состојбата со човековите права за Северна Македонија за 2022"), 21 март 2023, https://www.state.gov/reports/2022-country-reports-on-human-rights-practices/north-macedonia/.

143 European Court of Human Rights, Press Country Profile – The Republic of North Macedonia (2023) [Европски суд за човекови права, Профил на ЕСЧП за земјата со информации за печатот – Република Северна Македонија (2023)] <https://www.echr.coe.int/Documents/CP_Republic_of_North_Macedonia_ENG.pdf> пристапено на 10 април 2023.

144 Народен правобранител на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за степенот на обезбедување почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права 2022", март 2023, https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/Godisni%20izvestai/GI-2022/GI-2022.pdf.

145 Народен правобранител, „Доставување на информации од јавен карактер", 25 април 2023.

размена на достапни информации, мислења и препораки во областа на еднаквоста и заштитата од дискриминација.[146]

## Затворски и притворски установи

На почетокот на годината, Управата за извршување на санкции донесе мерки и активности за формирање, развој и унапредување на пробациска служба.[147] Управата најави дека формирале функционална пробациска служба во земјата со вкупно 11 функционални пробациски канцеларии, за областите на основните судови во Скопје, Куманово, Тетово, Битола, Штип, Велес, Струмица, Охрид, Прилеп, Кавадарци и Гевгелија и вкупно 33 пробациски службеници се ангажирани во Секторот за пробација. Нивните податоци покажуваат дека бројот на предмети расте секоја година. Додека бројот на пробациски предмети во 2019 година е 165, во 2020-та тој изнесува 276. Во 2021 година има 451 предмет, а во 2022 година има 475 предмети.[148] За понатамошно подобрување на пробациската служба во земјата Управата најави соработка со различни државни институции и неколку законски измени и дополнувања.[149]

На 23 и 24 февруари Управата за извршување на санкции организираше обука за менторство на припадниците на затворската полиција во Центарот за тренинг и едукација. Целта на обуката беше да се едуцира избрана група припадници на затворската полиција преку процесот на менторство во текот на приправничката работа, што се спроведува преку основна обука и работа со ментор.[150]

Во согласност со своите законски надлежности, КСЗД донесе Општи препораки за Управата за извршување на санкции заедно со други релевантни органи, за подготовка на акциски план со активности и извори за буџетирање на приспособувањето, реконструкцијата или изградбата на полуотворени и отворени институции за осуденички. Овој акциски план е неопходен затоа што жените-осуденички од целата територија на земјата се испраќаат да ја издржуваат својата затворска казна исклучиво во Казнено-поправната установа „Идризово“, како единствена казнена установа во земјата со посебно одделение за жени. Истовремено, ова е установа од затворен тип поради што КСЗД донесе заклучок дека жените-осуденички се ставени во понеповолна положба во споредба со мажите-осуденици кои можат да ја издржуваат затворската казна во други полуотворени и отворени казнени установи.[151]

КСЗД исто така објави и мислење и друга општа препорака за Министерството за образование и наука (МОН) за извршена дискриминација на децата кои издржуваат воспитно-поправна мерка во Воспитно-поправната установа во Тетово. Имено, КСЗД утврди директна и континуирана дискриминација од страна на МОН поради тоа што установата немала пристап до задолжително образование. Општата препорака бара од МОН да соработува со Управата за извршување

146 „Потпишан Меморандум за соработка со Комисијата за спречување и заштита од дискриминација“, официјална интернет-страница на Народниот правобранител на Република Северна Македонија, 7 март 2023, https://bit.ly/3MlElkN.

147 „Преземени мерки и активности на Управата за извршување на санкциите во насока на воспоставување, развој и унапредување на пробациската служба“, официјална интернет-страница на Управата за извршување на санкции, 2 јануари 2023, https://bit.ly/40biTTs.

148 Исто.

149 Исто.

150 „Обука за менторство“, официјална интернет-страница на Управата за извршување на санкции, 27 февруари 2023, https://bit.ly/40ry7DJ.

151 Општа препорака, Комисија за спречување и заштита од дискриминација, 23 март 2023, https://bit.ly/3UxOddn.

на санкции за да обезбеди систематски, одржлив и континуиран пристап до задолжително образование за сите осудени лица или деца за време на издржувањето на затворските казни или воспитно-поправните мерки.[152]

На 12 јануари 2023 година осудено лице кое е одведено на Ургентното одделение заради повреда успеа да избега откако патот кон КПУ „Идризово" е блокиран, притоа повредувајќи еден службеник на затворската полиција, кој го возел возилото. МП објави дека Управата за извршување на санкции ќе спроведе истрага во КПУ „Идризово" и ќе преземе соодветни мерки за да се идентификуваат сите нерегуларности и да се утврди зошто не е обезбедена полициска придружба на осуденото лице до болница.[153] Директорот на затворот потврди дека ОЈО ГОКК и Министерството за внатрешни работи[154] спроведувале истрага за случајот во врска со пропустите со што е овозможено бегството и за да се утврди генерално одговорноста за бегството од затворот со оглед на тоа што Управата за извршување на санкции информирала дека имало вкупно 256 бегства од казнените институции во текот на 2022 година.[155] Набрзо по инцидентот Владата го разреши директорот на Управата[156] и назначи нов ВД-директор додека да се избере нов.[157] ОЈО ГОКК се сомневаше дека командирот на надворешното обезбедување и тројца службеници од затворската полиција вработени во КПУ „Идризово" извршиле кривично дело на незаконско ослободување лице лишено од слобода според член 373 од Кривичниот законик, поради што за тројца од осомничените ОЈО ГОКК побара притвор, а на четвртиот осомничен му беше одземен пасошот.[158]

На 20 февруари, како дел од меѓуинституционалната соработка, беше спроведена координирана полициска акција во КПУ „Идризово", при што беше направен претрес со цел да се пронајдат недозволени предмети кај осудените лица кои издржуваат затворски казни, како резултат на што беа запленети следниве работи: готовина во износ поголем од износот што им е дозволен на осудените лица да го поседуваат, таблет, 11 мобилни телефони, неколку додатоци за мобилни телефони, неколку остри предмети и прашеста супстанција.[159]

На 21 март затворската полиција во КПУ „Идризово" спровела голема операција во текот на која откриле подземен тунел долг околу 60 метри.[160] МВР издаде соопштение во кое се објаснува дека тунелот е откриен со следење индиции за сомнително однесување на осудените лица во затворот

152 „КСЗД со ОПШТА ПРЕПОРАКА кон МОН и Управата за извршување санкции за обезбедување на задолжително образование во воспитно-поправните установи и казнено-поправните домови", официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 29 март 2023, https://bit.ly/3nQdtyY.

153 „Информација за инцидентот кој се случи вчера за бегство на осуденик и ранет припадник на затворска полиција", официјална интернет-страница на Министерството за правда, 13 јануари 2023, https://pravda.gov.mk/vest/6466.

154 „Истрага за бегството на Мемети – обвинителството за организиран криминал денеска влезе во 'Идризово'", 24.mk, 17 јануари 2023, https://24.mk/details/istraga-za-begstvoto-na-memeti-obvinitelstvoto-za-organiziran-kriminal-deneska-vleze-vo-idrizovo.

155 „Филмско бегство од затвор – Одзел пиштол од полицаец и пукал во него, па избегал со 'ауди'!", vecer.mk, 13 јануари 2023, https://bit.ly/3x3zATO.

156 „Од 119-та владина седница: Старото училиште во Љубојно ќе се ревитализира во Центар за промоција на македонскиот јазик; разрешен е директорот на Управата за извршување на санкциите; именувана е директорка на Педагошката служба", официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 17 јануари 2023, https://vlada.mk/node/31739.

157 „Од 120-та владина седница: Именуван е ВД-директор на Управата за извршување на санкции", официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 18 јануари 2023, https://vlada.mk/node/31759.

158 „Истрагата за бегството на Мемети сѐ уште трае, изјави Тупанчески и изрази уверување дека ќе заврши со правен епилог", 30 јануари 2023, https://360stepeni.mk/istragata-za-begstvoto-na-memeti-se-ushte-trae-izjavi-tupancheski-i-izrazi-uveruvane-deka-ke-zavrshi-so-praven-epilog/.

159 „Претреси во Казнено-поправната установа 'Идризово', пронајдени поголема сума на пари и недозволени предмети", Правдико, 20 февруари 2023, https://www.pravdiko.mk/pretresi-vo-kazneno-popravnata-ustanova-idrizovo-pronajdeni-pogolema-suma-na-pari-i-nedozvoleni-predmeti/.

160 „Во затворот 'Идризово' откриен тунел за бегство", Скопје инфо, 21 март 2023, https://bit.ly/40qOBvK.

и истрагата е во тек за сите околности.[161] Во исто време, директорот на КПУ „Идризово“ беше разрешен и беше назначен нов ВД-директор.[162] На крајот од месецот се случи уште еден инцидент во истиот затвор. Осудени лица влегоа во канцеларија во објектот на затвореното одделение, каде што имало вработени, и едно од осудените лица оштети дел од инвентарот. Јавниот обвинител беше известен за инцидентот и тој се истражува.[163]

## Заштита на личните податоци

Во врска со бројот на претставки, вкупно 300 претставки беа поднесени во 2022 година од кои 232 претставки (77%) се за злоупотреба на социјалните мрежи. Другите се по други основи, на пример директен маркетинг, неможноста за повлекување на согласност, необезбедување услови за остварување на правата на субјектите, поврзани со личните податоци и друго. Во врска со злоупотребата на социјалните мрежи повеќето претставки се однесуваат на лажни профили, неовластен упад во профили, објавување видео- и аудио-снимки на други лица, навреди, клевети и уценување на интернет. Најчестата социјална мрежа на која се однесувале претставките е „Фејсбук“ (116), потоа „Инстаграм“ (103), додека другите претставки се за „Јутјуб“, „Тикток“, „Твитер“, „Снепчат“ и други.[164]

Во чест на Европскиот ден за заштита на личните податоци (28 јануари), директорот на Агенцијата за заштита на лични податоци (АЗЛП) ја нагласи важноста на тоа да се има силен тим. Директорот објасни дека многу вработени заминуваат за повисоко платени работни места во приватниот сектор, со што агенцијата останува без доволно персонал за да се справи со новите предизвици, особено со новиот Закон за заштита на лични податоци.[165]

Во Виница беше откриен случај на злоупотреба на лични податоци од страна на вработен во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Вработениот беше осомничен дека користел лични податоци на други граѓани за да подигнува кредити на име на некој друг. Ова траело повеќе од две и пол години и завршило со кривична пријава за злоупотреба на работното место.[166]

## Слобода на изразување

Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) го обвини Министерството за надворешни работи (МНР) за непочитување на владината одлука за мораториум на државни реклами во приватните медиуми. Според ЗНМ, МНР планира да потроши 100.000 евра за промотивни активности поврзани со претседавањето на Република Северна Македонија со ОБСЕ за што имаат потпишано договор со приватна маркетинг-компанија. ЗНМ не го смета ова како поддршка за медиумите, туку како обид за нивно корумпирање и во исто време промовирање на политичка пропаганда на штета на

161 Соопштение, официјална интернет-страница на Министерството за правда, 21 март 2023, https://pravda.gov.mk/vest/6497.

162 „Разрешен директорот на ’Идризово‘, еве кој е заменикот на Тахири“, Скопје 24, 21 март 2023, https://bit.ly/3K2XdUb.

163 „Тројца затвореници од ’Идризово‘ упаднале во канцеларија на затворската полиција и кршеле во неа“, Макфакс, 31 март 2023, https://bit.ly/3KgDJKp.

164 Агенција за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за 2022“, 31 март 2023, https://bit.ly/43hA8oe.

165 „Алиу: Агенцијата за заштита на лични податоци се соочува со недостиг на вработени“, MakPress.mk, 27 јануари 2023, https://m.makpress.mk/Home/PostDetails?PostId=522083.

166 „Вработена во Фондот за ПИОМ земала брзи кредити на друго име“, 20 март 2023, https://360stepeni.mk/vrabotena-vo-fondot-za-piom-zemala-brzi-krediti-na-drugo-ime/.

јавниот интерес.[167] По ваквата реакција, МНР објави соопштение во кое се отфрлаат наводите дека кампањата поврзана со претседавањето со ОБСЕ е спротивна на забраната за владини кампањи со оглед на тоа што претседавањето претставува најзначаен проект на надворешната политика со што Северна Македонија ќе се претстави пред меѓународната јавност. Ова е важно и влијае на меѓународниот политички развој на земјата. Сепак, МНР престана со планирањето на еднонеделна кампања и изјави дека идните активности за комуникација ќе бидат координирани со здруженијата на новинари и други претставници на граѓанскиот сектор.[168]

На 24 февруари ЗНМ и Судско-медиумскиот совет потпишаа меморандум за соработка. Меморандумот има цел да ја подобри соработката меѓу судството и медиумите преку заеднички активности, консултации и кампањи.[169]

## Напади врз новинари

Во текот на периодот што го опфаќа овој извештај, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ) реагираше на осум инциденти со напади на новинари, спречување на извршување на новинарската работа и непријателски изјави од јавни функционери за новинарите. Тие немаат утврдено ширење на говор на омраза од медиум.[170]

Претседателот на политичката партија ДУИ јавно етикетираше две телевизиски станици како непријателски за време на неговото обраќање, кога се обиде да изрази незадоволство со медиумското покривање на партиските активности, при што ги нарече „непријатели на Албанците“.[171] ЗНМ, Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) и ААВМУ го осудија ваквиот говор, посочувајќи дека е штетен и може да ја загрози безбедноста на новинарите и медиумските работници, со што се охрабрува цензура, напади и закани против медиумите и новинарите од страна на партиски членови. ААВМУ повтори дека е неопходно да се почитуваат европските стандарди и ги повика политичарите да се воздржат од користење говор за дискредитација на медиумите, кој поттикнува меѓуетничка нетолеранција и нетрпение.[172] Од премиерот беше побарано да одговори на изјавата, но избра да не коментира. Наместо тоа, тој ги изрази своите гледишта за телевизиите, што повторно предизвика негодување кај ЗНМ.[173] Потоа, премиерот појасни дека не мислел да таргетира некоја конкретна телевизија. Но, доколку некоја од нив се почувствувала навредена од неговата изјава, им се извинува.[174]

167 „ЗНМ: Медиумската промоција на МНР со јавни пари е спротивна на забраната за владини кампањи“, официјална интернет-страница на Здружението на новинари на Македонија, 5 јануари 2023, https://bit.ly/3xWNE26.

168 „МНР не гледа незаконска промоција со јавни пари во медиумите, но ќе ја прекине кампањата“, Радио МОФ, 7 јануари 2023, https://www.radiomof.mk/mnr-ne-gleda-nezakonska-promocija-so-javni-pari-vo-mediumite-no-kje-ja-prekine-kampanjata/.

169 „Потпишан меморандум за соработка помеѓу ЗНМ и Судско-медиумскиот совет“, официјална интернет-страница на Здружението на новинари на Македонија, 24 февруари 2023, https://bit.ly/3lfYY6R.

170 Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, „Доставување на информации од јавен карактер“, 13 април 2023.

171 „За Ахмети, ’Телма‘ и ’Алфа‘ биле непријатели на Албанците“, 360 степени, 16 јануари 2023, https://360stepeni.mk/za-ahmeti-telma-i-alfa-bile-neprijateli-na-albantsite/.

172 „ЗНМ, ССНМ и ААВМУ со осуда за изјавата на Али Ахмети во која етикетира медиуми како ’непријатели‘“, Радио МОФ, 16 јануари 2023, https://www.radiomof.mk/znm-ssnm-i-aavmu-so-osuda-za-izjavata-na-ali-ahmeti-vo-koja-etiketira-mediumi-kako-neprijateli/.

173 „ЗНМ: Непримерно етикетирање на медиуми и од премиерот Ковачевски“, официјална интернет-страница на Здружението на новинари на Македонија, 16 јануари 2023, https://bit.ly/3mekRnf.

174 „Ако некој има потреба од мое извинување, го има извинувањето, им порача премиерот на ’Алфа‘ и ’Телма‘“, mkd.mk, 18 јануари 2023, https://www.mkd.mk/makedonija/politika/ako-nekoj-ima-potreba-od-moe-izvinuvanje-go-ima-izvinuvanjeto-im-poracha.

За време на конференција за печат, министерот за економија обвини новинар дека поставува прашања во име на други и потсети друг новинар дека неговата улога е да поставува прашања, а не да дава коментари на одговорите. Овој инцидент се случи подоцна во текот на дискусијата.[175] ССНМ реагираше на инцидентот, изјавувајќи дека односот на министерот кон новинарите е скандалозен и неприфатлив и дека со ова дополнително се отежнува работата на новинарите и медиумските работници. Тоа може да предизвика самоцензура и непријателско однесување кон нив со што ќе се загрози нивната безбедност и ќе се наруши нивниот интегритет.[176] ЗНМ и Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) нагласија дека овој инцидент не е изолирана појава, туку дел од матрица на несоодветно постапување со медиумите што загрижува и државните функционери мораат да бидат повнимателни кога работат со новинари, со оглед на тоа што играат клучна улога во информирањето на јавноста.[177]

Според ЗНМ и ААВМУ, друг инцидент се случил на 151-та годишнина од раѓањето на македонски револуционер, кога Владата применила селективен пристап во акредитирањето на одредени медиуми што го покривале настанот.[178] Имено, на акредитираните медиуми им се дадени посебни упатства за новинарите и камерманите на настанот од страна на административен службеник на Владата, правдајќи се дека настанот е со висок ризик. Ова предизвикало расправа меѓу службеникот и присутните медиумски работници,[179] како резултат на што ЗНМ побара објаснување од Кабинетот на премиерот за причините за таквиот протокол и побараа од владата нивниот административен службеник да биде казнет за таквото однесување.[180]

Овие инциденти кулминираа со протесниот марш за одбрана на новинарското достоинство организиран од ЗНМ и ССНМ на средината на февруари. Во оваа пригода, новинарите бараа итно донесување на релевантни закони, важни за нивните права и за работата на медиумите и нивното доследно спроведување, бараа јавните функционери и политичари да ги почитуваат новинарите и медиумските работници и да се стави крај на агресивниот државен пи-ар, поголема поддршка за локалните новинари и медиуми и почитување на работничките права и безбедни услови за работа на новинарите и медиумските работници.[181] Последователно, Европската федерација на новинари го осуди несоодветното однесување на државните функционери кон новинарите и ги потсети на моралните обврски што ги носи јавната функција.[182]

175 „Бектеши навредуваше новинари на прес-конференција“, Алсат М, 2 февруари 2023, https://alsat.mk/mk/bekteshi-navreduvashe-novinari-na-pres-konferentsija/.

176 „ССНМ бара Владата под итно да престане со дискредитација на новинарите“, Канал 5, 2 февруари 2023, https://kanal5.com.mk/ssnm-bara-vladata-pod-itno-da-prestane-so-diskreditacija-na-novinarite/a566703.

177 „ЗНМ и СЕММ: Функционери повторно во напад кон новинарите – ваквото однесување мора да престане“, Радио МОФ, 3 февруари 2023, https://www.radiomof.mk/znm-i-semm-funkcioneri-povtorno-vo-napad-kon-novinarite-vakvoto-odnesuvanje-mora-da-prestane/.

178 „ЗНМ и ААВМУ го осудија селективниот пристап на Владата за акредитација на медиуми“, Радио МОФ, 4 февруари 2023, https://www.radiomof.mk/znm-i-aavmu-go-osudija-selektivniot-pristap-na-vladata-za-akreditacija-na-mediumi/.

179 „Владата им кажува на новинарите како да работат, караници пред платото на Свети Спас“, Макфакс новинска агенција, 4 февруари 2023, https://bit.ly/41zaaLQ.

180 „ЗНМ: Односот на владините службеници е цензура“, официјална интернет-страница на Здружението на новинари на Македонија, 4 февруари 2023, https://bit.ly/3J25FCB.

181 „Марш за одбрана на новинарското достоинство“, Канал 5, 17 февруари 2023, https://kanal5.com.mk/marsh-za-odbrana-na-novinarskoto-dostoinstvo/a569044.

182 „North Macedonia: EFJ Condemns Inappropriate Behaviour of State Officials towards Journalists“, European Federation of Journalists („Северна Македонија: ЕФН го осуди несоодветното однесување на државните функционери кон новинарите“, Европска федерација на новинари), 8 февруари 2023, https://europeanjournalists.org/blog/2023/02/08/north-macedonia-efj-condemns-inappropriate-behaviour-of-state-officials-towards-journalists/.

## Ранливи групи и начелото на недискриминација

На 118-та седница, Владата на Република Северна Македонија го разгледа и го одобри Акцискиот план за спроведување на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација од 2022 до 2026 година. Според соопштението на Владата, Акцискиот план вклучува временска рамка и финансиски елементи чија цел е да се обезбеди Стратегијата да биде целосно спроведена до 2026 година. Примарната цел на Стратегијата е да се гарантира заштита на сите права на граѓаните без дискриминација по ниедна основа.[183]

На 12 јануари, министерката за труд и социјална политика, министерот за здравство и министерот за образование и наука го потпишаа Правилникот за функционална проценка на деца и млади со попреченост. Правилникот го регулира функционирањето на стручните тела за оценка, методот за оценка и обезбедувањето дополнителна поддршка во образованието, здравството, социјалната заштита и детската заштита.[184]

На средината на февруари, КСЗД објави јавно соопштение за изборот на двајца членови неопходни за пополнување на КСЗД: еден член со мандат од пет години и еден член со мандат од една година, два месеца и осум дена.[185]

Во март, КСЗД објави барање за подготовка на список на експерти кои можат да им обезбедат стручна помош на КСЗД. Ова е во согласност со Законот за спречување и заштита од дискриминација, со оглед на тоа што КСЗД има цел да формира групи советници кои се специјализирани во различни области поврзани со спречување и борба против дискриминација. Повикот за поддршка од експерти беше објавен за да се исполни оваа цел.[186]

Во текот на периодот што го опфаќа овој извештај КСЗД доби 91 претставка. Во текот на овој период, утврдена е дискриминација во 14 од тие случаи поврзани со работни односи (пет случаи), јавни информации и медиуми (три случаи), образование, наука и спорт (два случаи), судство и јавна администрација (два случаи), социјално осигурување (еден случај) и два случаи се во други области.[187]

На 28 февруари КСЗД организираше конференција на тема „Дали Република Северна Македонија е фер земја? Како институциите заеднички да ја унапредат борбата против дискриминацијата?“, на која беа претставени податоци од извештајот за дискриминацијата во земјата и перцепциите на граѓаните од анкета спроведена од Центарот за управување со промени.[188] Според податоците од истражувањето, 45,5% од 1.170 испитаници кои искусиле дискриминација или познаваат некој што искусил дискриминација ги идентификуваат политичките врски како главна основа за дискриминација и најчесто се среќаваат во областа на работните односи и вработувањето како

183 „Се одржа 118-та седница на Влада: Второто полугодие ќе почне на 23 јануари, усвоен Акциски план за реализација на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација за 2022-2026 година“, официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 10 јануари 2023, https://vlada.mk/node/31667.

184 „Потпишан Правилникот за функционална проценка на деца и млади со попреченост“, официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 12 јануари 2023, https://vlada.mk/node/31688.

185 „Одлука за објавување јавен оглас за избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 34/2023.

186 „Јавен повик за експерти за стручна поддршка на КСЗД“, официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 6 март 2023, https://bit.ly/40PF9mk.

187 Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, „Доставување на информации од јавен карактер“, 19 април 2023.

188 „Институциите преплавени со поплаки за дискриминација“, Дојче веле, 28 февруари 2023, https://bit.ly/3LKFmm1.

причина за пристап до работно место, напредување и губење на работно место.[189] За разлика од спроведеното истражување, анализата на КСЗД покажува дека најчестите дискриминирачки основи во 2022 година се националната и етничката припадност, личните карактеристики и социјалниот статус. Нивните претставници изјавија дека во 2022 година КСЗД работеле на 255 случаи, што покажува тренд на зголемен број претставки поврзани со вознемирувачки говор базиран на национална и етничка припадност, најчесто користен на социјалните мрежи.[190] Иако општиот заклучок на конференцијата беше дека бројот на жалби од граѓани за различни облици на дискриминација во земјата расте, заложбата на претставниците на актуелната институција е во насока на продолжување на борбата против дискриминација и подобрување на овој аспект во земјата.[191]

## Род

На почетокот на јануари 2023 година МП објави Оперативен план за 2023 година за спроведување на Акцискиот план за Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство (Истанбулската конвенција) за 2018-2023. Планот содржи активности во оваа област под надлежност на МП, заедно со временската рамка за 2023 година и буџетот за нивното спроведување.[192] Истовремено, МП го објави својот Годишен оперативен план за 2023 година за спроведување на Вториот национален акциски план на Република Северна Македонија за спроведување на Резолуцијата 13/25 на ОН „Жени, мир и безбедност" (2020-2025) – стратешка рамка, која исто така ги вклучува и активностите што се планирани под надлежност на МП, заедно со временската рамка за 2023 година и буџетот за нивното спроведување.[193]

По реакциите на земјоделските организации и на други НВО што ги поддржаа во однос на систематскиот проблем со непостоењето на платено породилно отсуство за жените кои работат во земјоделскиот сектор,[194] Владата донесе програма за обезбедување на социјална сигурност за жените кои се занимаваат со земјоделска дејност.[195] Со оваа програма, по првпат, правото на породилен надоместок за индивидуалните земјоделки се обезбедува како финансиска поддршка во износ од 81.000 денари за породилен надоместок за период од девет месеци.[196] НВО што

189 „Малеска-Сачмароска: Политичката припадност се смета за главна основа за дискриминација", Biznisvesti.mk, 28 февруари 2022, https://www.biznisvesti.mk/maleska-sachmaroska-politichkata-pripadnost-se-smeta-za-glaven-osnov-za-diskriminatsija/.

190 „Бендевска: Национална припадност, личното својство и општествениот статус – најчести основи за дискриминација во 2022 година", MakPress.mk, 28 февруари 2023, https://makpress.mk/Home/PostDetails?PostId=527283.

191 „Дали Република Северна Македонија е фер земја? Како институциите заеднички да ја унапредат борбата против дискриминацијата?", официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 28 февруари 2023, https://bit.ly/3TAHHSq.

192 „Оперативниот план за 2023 година за спроведување на Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство (Истанбулска конвенција) за 2018-2023 година", Министерство за правда, 3 јануари 2023, https://pravda.gov.mk/Upload/Documents/NAP%20GREVIO%202023.PDF.

193 „Годишен оперативен план на МП за 2023 година за имплементација на Вториот национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација за Резолуцијата на ООН 13/25 'Жени, мир и безбедност' (2020-2025) – стратегиска рамка", Министерство за правда, 16 јануари 2023, 25, https://bit.ly/3JttfHc.

194 „Земјоделките произведуваат храна за сите и одгледуваат генерации, а немаат платено породилно отсуство", Радио МОФ, 12 декември 2022, https://www.radiomof.mk/zemjodelkite-proizveduvaat-hrana-za-site-i-odgleduvaat-generacii-a-nemaat-plateno-porodilno-otsustvo/.

195 „Програма за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2023 година", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 31/2023.

196 „Жените земјоделки добиваат платено породилно", Nezavisen.mk, 7 февруари 2023, https://nezavisen.mk/zhenite-zemjodelki-dobivaat-plateno-porodilno/.

работат на ова прашање го поздравија донесувањето на програмата. Сепак, тие и понатаму бараат таа да биде трансформирана во изменување и дополнување на законот и да не остане само на програмско ниво. Дополнително, тие веруваат дека програмата има дискриминаторски елементи затоа што земјоделките мораат да исполнат одредени критериуми, кои не се бараат од другите жени кога добиваат надоместок за породилно отсуство.[197] На почетокот на март КСЗД објави мислење за утврдена посредна, пролонгирана, меѓусекторска дискриминација против индивидуалните земјоделки заснована на пол, род, личен статус и припадност на маргинализирана група во остварувањето на правото на платено отсуство од работа заради бременост, раѓање и мајчинство. Мислењето ја вклучуваше и препораката за Министерството за здравство да подготви изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување со цел да се обезбеди правото на надоместок на индивидуалните земјоделки кога привремено не се во можност да извршуваат земјоделски активности заради бременост, раѓање или мајчинство.[198]

Министерката за труд и социјална политика и директорот на ААВМУ одржаа заедничка прес-конференција во пресрет на Меѓународниот ден на жената. Конференцијата се сосредоточи на родово-засновани прашања, вклучително и родово-засновано насилство и известувањето во медиумите. Во текот на конференцијата беше презентирана специјализирана интернет-страница за родот и медиумите. Интернет-страницата беше предложена да биде ресурсен центар за медиумите, каде што ќе можат да најдат ресурси, информации и линкови за различни аспекти на родовите прашања, вклучително и родово-заснованото насилство, но исто така и место каде што граѓаните можат да најдат корисни линкови и информации, вклучително и институции и организации од кои можат да побараат помош во случај да се изложени на родово-засновано насилство. Администратор на интернет-страницата е ААВМУ и таа е достапна на македонски, албански и англиски јазик: www.rodotimediumite.mk.[199]

Имаше многу реакции од страна на јавноста која го гледала интервјуто на „Јутјуб“ на еден јутјубер со поранешен телевизиски презентер на вести со кого говорникот зборува за своето прво сексуално искуство и вели дека неговите пријатели „ја шамарале“ девојката, а јутјуберот се смее на тоа.[200] Меѓу другите, Платформата за родова еднаквост го осуди интервјуто, велејќи дека испраќа порака со којашто се нормализира насилното однесување на родова основа.[201] ЗНМ, ССНМ и СЕММ исто така го осудија говорот во интервјуто што поттикнува насилство и стимулира родова дискриминација, посочувајќи дека слободата на говор значи одговорност и постоење на висока свесност за демократските начела и слободи, права и обврски во едно отворено општество. Но, кога слободата на говор ќе се претвори во кривично дело или ќе предизвика кривични дела или некаква повреда на граѓанските и човекови права, тоа не е

197 „Жените земјоделки бараат законско решение за породилно отсуство“, Сител телевизија, 20 февруари 2023, https://sitel.com.mk/zhenite-zemjodelki-baraat-zakonsko-reshenie-za-porodilno-otsustvo.

198 Мислење, Комисија за спречување и заштита од дискриминација, 2 март 2023, https://bit.ly/3KFxukJ.

199 „МТСП и АВМУ со заеднички заложби за унапредување на родовите прашања“, официјална интернет-страница на Министерството за труд и социјална политика, 7 март 2023, https://www.mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-mtsp-i-avmu-so-zaednicki-zalozbi-za-unapreduvanje-na-rodovite-prashanja.nspx.

200 „Спорно ’YouTube‘ интервју со Латас, реакција на МВР и ОЈО“, Алсат М, 20 февруари 2023, https://bit.ly/3JPxKNW.

201 „Реакција на Платформата за родова еднаквост за поткастот на Лазаров со гостин Латас“, официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, 21 февруари 2023, https://mhc.org.mk/news/reakcija-na-platformata-za-rodova-ednakvost-za-potkastot-na-lazarov-so-gostin-latas/?fbclid=IwAR162wzimD8QU2YzoKITmaOPkPsw-ZD8pBx5s8nluDshRstjtuRvcw5ZwBI.

слобода, туку агресија и треба да се третира како таква.[202] По многубројните реакции, ОЈО отвори истрага против јутјуберот и гостинот на интервјуто, врз основа на член 394 од Кривичниот законик – „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“.[203] Конечно, јутјуберот се извини за тоа што е кажано за време на интервјуто и за дадениот впечаток дека тој промовира силување и насилство врз жените.[204] Првото судско рочиште за овој предмет беше закажано за 27 март, но тоа беше одложено заради отсуство на адвокатот од одбраната на еден од обвинетите. Судијата го закажа следното рочиште за десетти мај.[205]

## ЛГБТИ+

Во изминатава година, Владата ја повлече претходната верзија на предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција,[206] заради неопходноста за финализирање на законот.[207] Оваа одлука предизвика различни реакции од националните организации[208] и меѓународните засегнати страни[209]; оттука МП промовираше иницијатива за подготовка на нов предлог на Законот за матична евиденција.[210] Предлогот на Законот треба да вклучува одредби во врска со видовите и содржината на матичните книги, дополнителната регистрација во матичната книга на родени по утврдениот рок и дополнителното регистрирање на лица кои се родени во домашни услови, меѓународната правна соработка во областа на матичната евиденција, постапките за правно признавање на родот и дигитализацијата и интероперабилноста. Според соопштението, рокот за изготвување на нацрт-текстот е 30 јуни 2023 година.[211]

Националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминацијата и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешките документи во оваа област на крајот од 2022 година одржа конститутивна седница на втората компонента од ова тело. На конститутивната седница беше повторена потребата за донесување на национален акциски план за унапредување на правата на ЛГБТИ+ заедницата во Република Северна Македонија. Нацрт-документот што е изготвен од работната група во МТСП формирана во 2020 година треба да биде разгледан од актуелните членови на Националното координативно тело во првото тромесечје од 2023 година.[212]

---

202 „Новинарските здруженија го осудија говорот на Латас и 'јутјуберот' со кој се поттикнува насилство“, Слободен печат, 20 февруари 2023, https://www.slobodenpecat.mk/novinarskite-zdruzhenija-go-osudija-govorot-na-latas-i-jutjuberot-so-koj-se-potti-knuva-nasilstvo/.

203 „Обвинителство оформи предмет по интервјуто на Павловиќ-Латас со јутјуберот Лазаров“, Телма телевизија, 20 февруари 2023, https://telma.com.mk/2023/02/20/obvinitelstvo-oformi-predmet-po-intervjuto-na-pavlovikj-latas-so-jutjuberot-lazarov/.

204 „Јутјуберот Лазаров: Се извинувам за тоа што го чувте во поткастот, ова е сериозна хајка“, Радио МОФ, 20 февруари 2023, https://www.radiomof.mk/jutjuberot-lazarov-se-izvinuvam-za-toa-shto-go-chuvte-vo-podkasot-ova-e-seriozna-hajka/.

205 „Се одложи првото рочиште од судењето на Латас и Лазаров“, 27 март 2023, https://360stepeni.mk/foto-se-odlozhi-prvoto-rochishte-od-sudeneto-na-latas-i-lazarov/.

206 ЕНЕР, „Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција“, 2019, https://bit.ly/3kGlCVo.

207 „Повлечен владиниот предлог-закон за промена на полот со нотарска изјава“, ТВ 24, 22 март 2022, https://bit.ly/3ra8FTQ.

208 „Мрежата за борба против хомофобија и трансфобија ја осудува Одлуката за повлекување на Предлогот за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција“, https://bit.ly/3raynaR.

209 „Писмо: Европратениците се обратија до Владата на Северна Македонија во врска со правното признавање на родот и Законот за матична евиденција“, официјална интернет-страница на Коалицијата „Маргини“, 21 април 2022, http://coalition.org.mk/ar-chives/12152.

210 „Ќе се изготвува нов закон за матичната евиденција“, Правдико, 16 јануари 2023, https://www.pravdiko.mk/85386-2/.

211 ЕНЕР, „Предлог на Законот за матичната евиденција“, 2023, https://bit.ly/3Zsh3Nq.

212 „Конституиран вториот состав на Националното координативно тело за недискриминација“, ЛГБТИ јунајтед, 16 јануари 2023, https://lgbtiunited.mk/2023/01/16/konstituiran-vtoriot-sostav-na-nacionalnoto-koordinativno-telo-za-nediskriminacija/.

На шести март во Собранието на Република Северна Македонија беше одржан состанок на претставниците на граѓанските организации што работат на теми поврзани со ЛГБТИ+ со пратениците од Интерпартиската парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ+ лицата. На средбата се дискутираше за акцискиот предлог-план и соработката со невладиниот сектор. Се разговараше за чекорите што треба да следат за донесување на изменување и дополнување на Законот за матична евиденција што ќе овозможат правно признавање на родот.[213]

На Меѓународниот ден на видливост на трансродовите лица, 31 март, „TransFormA" – граѓанска иницијатива за заштита и унапредување на правата на трансродовите лица, организираше Марш за видливост. Маршот беше организиран под мотото „И мојот идентитет постои", со цел намалување на насилството и дискриминацијата на трансродовите лица и истовремено се бараше Законот за правно признавање на родот да се стави во собраниска постапка.[214]

213 Правното признавање на родот за трансродовите лица се враќа во фокусот на властите и законодавниот дом, ЛГБТИ јунајтед, 6 март 2023, https://lgbtiunited.mk/2023/03/06/pravnoto-priznavanje-na-rodot-za-transrodovite-lica-se-vrakja-vo-fokusot-na-vlastite-i-zakonodavniot-dom/.

214 „И мојот идентитет постои – Марш за видливост на трансродовите лица", Радио МОФ, 26 март 2023, https://www.radiomof.mk/i-mojot-identitet-postoi-marsh-za-vidlivost-na-transrodovite-lica/?fbclid=PAAabH6Fs3xZ7-0HJDGpRq-CiIZBEaRQNJ3gLicxlUmzZIs4K8hDjaJmrxZAQ.Нац.

